14) personi në vuajtje të dënimit me burg, personi i cili gjendet në paraburgim (nëse nuk është i siguruar në bazë tjetër), dhe personi i mitur i cili gjendet në zbatimin e masës edukuese dërgim në shtëpi edukuese-përmirësuese, përkatësisht në institucion dhe

15) pjesëmarrësi në LNÇ dhe pjesëmarrësi në Lëvizjen Nacionalçlirimtare në pjesën Maqedonisë së Egjeut, invalidi i luftës dhe anëtarët e familjeve të luftëtarëve të rënë dhe pjesëmarrësit e vdekur në LNÇ, si dhe invalidët civilë nga Lufta e Dytë Botërore, personat e përndjekur dhe të burgosur për idetë e vetëqenies së Maqedonisë dhe shtetësisë së saj, të cilëve kjo cilësi u është përcaktuar me dispozita të veçanta dhe anëtarëve të familjes dhe prindërve të personave qytetarë të Republikës së Maqedonisë, të rënë në luftërat gjatë shpërbërjes së RSFJ-së.

Neni 2

Në nenin 13 në paragrafin 1 pas fjalës “pika” numrat “1, 2, 3 dhe 4” zëvendësohen me numrat ”1, 2 dhe 3”.

Neni 3

Në nenin 14 në paragrafin 1 pas fjalës ”pika” numrat ”1, 2, 3 dhe 4 ”zëvendësohen me numrat “1, 2 dhe 3”.

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3 si vijon:

”Mjetet për realizimin e të drejtës nga paragrafi 1 i këtij neni sigurohen nga buxheti i Republikës së Maqedonisë, nëpërmjet organit kompetent.”

Neni 4

Në nenin 16 në paragrafin 1 fjala “neto” shlyhet.

Në nenin 3 numri ”4” zëvendësohet me numrin ”3”.

Në nenin 4 fjala ”neto” shlyhet.

Neni 5

Në nenin 17 në paragrafin 3 fjala “neto” shlyhet.

Neni 6

Në nenin 18 në paragrafin 2 fjalët: “si dhe” zëvendësohen me fjalët: “ndërsa për”, kurse pas fjalës “amësia” shtohen fjalët: ”nga mjetet e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë”.

Neni 7

Në nenin 20 në paragrafin 4 pas fjalës “procedurat” shtohen fjalët: “minimumi diagnostik, kontrollet mënyrë plotësuese”.

Neni 8

Në nenin 25 në paragrafin 2 fjalët: “obliguesi për pagesë” zëvendësohen me fjalët: “obliguesi për llogaritje dhe pagesë”.

Në nenin 5 fjalët: ”obliguesit për pagesë” zëvendësohen me fjalët: ”obliguesit për llogaritje dhe pagesë”.

Neni 9

Në nenin 30 në paragrafin 3 fjalët: “me nenin 45 paragrafi 1 të këtij ligji” zëvendësohen me fjalët: “dispozitat për sigurim të detyrueshëm social”.

Neni 10

Në nenin 31 paragrafi 3 ndryshon si vijon:

“Të drejtat nga sigurimi i detyrueshëm shëndetësor në shkallë të parë realizohen në Fond, në bazë të kërkesës së paraqitur në mënyrë të rregullt, të kompletuar me dokumentacionin e duhur.’’

Pas paragrafit 3 shtohen 5 paragrafë të rinj 4, 5, 6, 7 dhe 8 si vijon:

“Formularin e kërkesës nga paragrafi 2 i këtij neni dhe dokumentacionin i duhur i cili dërgohet me kërkesën, Fondi i përcakton me akt të përgjithshëm.

Aktvendim në shkallën e parë për të drejtat nga sigurimi i detyrueshëm shëndetësor miraton Fondi, në afat prej 30 ditësh nga dita e dorëzimit të kërkesës së kompletuar dhe të rregullt.

Në rastet kur me dispozitat e këtij ligji dhe me aktet nënligjore të miratuara në bazë të këtij ligji, marrjes së vendimit nga paragrafi 4 i këtij neni i paraprin verifikim i gjendjes faktike për të cilën nevojitet edhe mendimi i komisioneve mjekësore të Fondit, Fondi është i detyruar të marrë aktvendim në afat pre 45 ditësh, nga dita e dorëzimit të kërkesës së kompletuar në mënyrë të rregullt.

Kundër aktvendimit të marrë në shkallë të parë, personi i siguruar ka të drejtë ankese ministrit të Shëndetësisë , në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të aktvendimit.

Aktvendimin ndaj ankesës, ministri i Shëndetësisë doemos duhet ta miratojë më së voni në afat prej 60 ditësh nga dita e parashtrimit të ankesës.”

Paragrafi 4 bëhet paragraf 9.

Neni 11

Në nenin 34 në paragrafin 1 në alinenë 5 fjala “neto” shlyhet.

Në tekstin e paragrafit 2 fjala “neto” shlyhet.

Neni 12

Neni 36 ndryshon si vijon:

“Mjetet nga pjesëmarrja e personit të siguruar me mjete personale në çmimin e shërbimeve shëndetësore, përveç barnave nga Lista e barnave të cilat bien në ngarkesë të Fondit dhe jepen me recetë në mbrojtjen primare shëndetësore, paguhen në institucionin shëndetësor dhe janë të hyra të institucionit shëndetësor, kurse Fondi bën kontroll të mjeteve të arkëtuara.”

Neni 13

Në nenin 37 në paragrafin 1 në pikën 1 në alinenë 1 fjala “bruto” shlyhet, kurse alineja 3 ndryshon si vijon:

“-person i vetëpunësuar;”.

Neni 14

Në nenin 47 shtohet paragraf i ri si vijon:

“Për obliguesit për pagesë të kontributeve, obliguesit për llogaritje dhe pagesë të kontributit, bazat për llogaritjen e kontributit, përllogaritja dhe pagesa e kontributit, procedura e arkëtimit, afati për pagesën e kontributit dhe shkallët e kontributit, zbatohen dispozitat nga rregullat e sigurimit të detyrueshëm social.”

Në paragrafin 1 i cili bëhet paragraf 2 fjalët: “dhe arkëtimi” shlyhen.

Neni 15

Nenet 50-a, 50-b,50-v dhe 50-g shlyhen.

Neni 16

Në neni 54 në paragrafin 1 në pikën 8 në reshtin e parë pas fjalës “për” shtohen fjalët: “shërbimet shëndetësore”.

Neni 17

Në neni 69 në paragrafin 1 pas alinesë 1 shtohen dy aline të reja 2 dhe 3 si vijon:

“ - çmimet e shërbimeve shëndetësore të kryera në mbrojtjen shëndetësore specialistike-këshilluese,

- çmimet e shërbimeve shëndetësore të grupuara në GND në mbrojtjen shëndetësore spitalore për kurim akut të të sëmurëve të hospitalizuar,”.

Alinetë 2, 3, 4 dhe 5 bëhen 4, 5, 6 dhe 7.

Neni 18

Në nenin 86 në paragrafin 1 pika 2 shlyhet.

Neni 19

Dispozitat e nenit 3 paragrafi 2 dhe neni 6 i këtij ligji do të zbatohen në mënyrën në vazhdim:

- nga 1 janar 2010, 50% nga shuma e kompensimit të rrogës për kohën e mungesës nga puna për shkak të shtatzënësisë, lindjes dhe amësisë do të paguhet në barrë të mjeteve të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, ndërsa 50% të mbetura nga kompensimi, në barrë të mjeteve të Fondit,

- nga 1 janar 2011, 75% nga shuma e kompensimit të rrogës për kohën e mungesës nga puna për shkak të shtatzënësisë, lindjes dhe amësisë do të paguhet në barrë të mjeteve të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, ndërsa 25% të mbetura nga kompensimi, në barrë të mjeteve të Fondit,

- nga 1 janar 2012, 100% nga shuma e kompensimit të rrogës për kohën e mungesës nga puna për shkak të shtatzënësisë, lindjes dhe amësisë do të paguhet në barrë të mjeteve të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë.

Pagesat e kompensimit të rrogës për kohën e mungesës nga puna për shkak të shtatzënësisë, lindjes dhe amësisë të cilat kanë filluar, ndërsa nuk kanë përfunduar deri më 1 janar 2010, do të vazhdojnë të paguhen sipas dispozitave të Ligjit për sigurim shëndetësor (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 dhe 98/2008).

Neni 20

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, ndërsa nenet 1, 2, 3 paragrafët 1, 4, 5, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15, dhe 18 të këtij ligji do të zbatohen nga 1 janari 2009.

---

**135.**

Врз основа на член 15 став (1) од Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција (2Службен весник на Република Македонија” број 14/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ**

I. За претседател на Комисијата за верификација на фактите се избира

Агим Мехмети, новинар од Скопје.

II. За заменик претседател на Комисијата за верификација на фактите се избира

Ѓорѓи Малковски, професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

III. За членови на Комисијата за верификација на фактите се избираат:

1) проф.д-р Новица Велјаноски, пензионер од Скопје,

2) Марија Милошевска, вработена во Министерство за образование,

3) Томе Аџиев, адвокат од Битола,

4) Вецко Здравески, политиколог од Кичево,

5) Шпенди Винца, вработен во Македонската радио - телевизија,

6) Даут Даути, новинар од Скопје,

7) Благоја Гешоски, дипломиран дефектолог од Прилеп,

8) Јанаќе Витановски, дипломиран правник, секретар на Здружението на возачи на Неготино и

9) Чедомир Дамјановски, дипломиран правник, вработен во Собранието на Република Македонија.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-290/1
15 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**136.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став 5 и 119 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 96/2008, 97/2008, 106/2008, 139/2008 и 147/2008), во точката I по потточката 17. Комисија за труд и социјална политика се додава нова точка 17-а, која гласи:

"17-а. Комисија за локална самоуправа

а) за претседател

Блерим Беџети,

б) за заменик на претседателот

Ермира Мехмети,

в) за членови:

1) Цветко Грозданов,

2) Лилјана Поповска,

3) Марјанчо Колевски,

4) Крсто Мукоски,

5) Лидија Митева,

6) Нада Станчевска,

7) Надица Танчева-Тулиева,

8) Џеват Адеми,

9) Никола Ќуркчиев,

10) Андреј Петров,

11) Флора Кадриу и

12) Абедин Зимбери,

г) за заменици на членовите:

1) Силвана Бонева,

2) Дарка Петрушевска,

3) Васко Шутаров,

4) Лилјана Затуроска,

5) Ванчо Ќоцев,

6) Горан Ѓуровски,

7) Илија Димовски,

8) Хајрула Мисини,

9) Марјанчо Николов,

10) Горан Сугарески,

11) Бесим Догани и

12) Сулејман Рушити."

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-292/1
15 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**137.**

Врз основа на членот 31 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006 и 86/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

I. За заменик на претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер се именува

- Блерим Исени, дипломиран новинар - уредник на Информативна програма на Македонската радиотелевизија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-293/1
15 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**138.**

Врз основа на член 129 став 3 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 100/2005, 19/2007 и 103/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

I. За член на Советот на Македонската радиотелевизија се именува:

- д-р Сашо Поповски, генерален секретар на Олимпискиот комитет на Република Македонија.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-294/1
15 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**139.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2009 година, донесе

**Р Е З О Л У Ц И Ј А**
**ЗА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 - 2014**

Вовед

Меѓународните миграции во светски рамки, иако се одвиваа со променлив обем, интензитет и во различни правци, во последните неколку децении забележаа континуиран пораст. Денес нивниот обем е поголем од кога било, а може да се очекува тенденцијата на пораст да продолжи и во поблиска иднина. Статистиките покажуваат дека околу 200 милиони лица живеат надвор од земјата во која се родени, или земјата на државјанство, што претставува повеќе од 3 %[1] од вкупното население во светот. Порастот на меѓународните миграции е проследен со значителни промени во видовите на овие движења. Притоа посебно внимание заслужува бројот на бегалците кој во последните години повторно се зголеми и на крајот на 2007 година изнесува 11,4 милиони лица, а бројот на внатрешно раселените лица достигна 26 милиони.

Основните детерминанти за огромниот пораст на меѓународните миграции треба да се бараат во разликите во социо-економската развиеност и на нивото на животниот стандард меѓу одделни земји, општествено-економската трансформација на постсоцијалистичките земји, политичката нестабилност во одделни региони во светот и друго. Тоа услови значителни промени и во карактерот на меѓународните миграции. Притоа, терминот „миграција", со нејзиното парцијално набљудување како трајно доселување, се повеќе се третира како субкатегорија на еден поширок концепт на движење, кој ги опфаќа различните видови на мобилност на населението (легалните слободни движења, присилните и илегалните миграции).

За надворешните миграции на Република Македонија во подолг период карактеристична е доминантна застапеност на иселувањата во европските и прекуокеанските земји на прием. Оттаму, емиграционите движења се издвоија како еден од општествено-економските процеси кои го одбележаа XX век, а со несмален интензитет продолжија и во првата деценија на XXI век. Современите миграциони движења од Република Македонија во странство, во изминатите четири децении имаа тенденција на постојан пораст, проследен со промени во структурните карактеристики на мигрантите, правците на движење и должината на нивниот престој.

Во врска со овие миграциони движења значајно е да се укаже на феноменот на таканаречената потенцијална миграција - појава која во последната деценија во Република Македонија достигнува загрижувачки димензии. Сé е поголем бројот на млади високообразовани лица, како и студенти на последните години од факултетите на техничките и природните науки кои размислуваат или планираат да заминат во странство.

Што се однесува на доселувањата од странство, евидентни се промените во обемот и видовите на овие движења во Република Македонија во периодот на транзиција, а кои се одвиваа под влијание на распадот на СФР Југославија. Со проширувањето на Европската унија во Југоисточна Европа во Република Македонија забележлив е пораст на транзитната и илегалната миграција. Со оглед на географската положба на земјата може да се очекува натамошен пораст на овие миграциони движења.

Отсуството на миграциона политика во Република Македонија, во изминатиот четири децениски период, ги потенцираше негативните ефекти од емиграцијата. Конципирањето и усвојувањето на конзистентна и транспарентна долгорочна миграциона политика, денес се наметнува како повеќе од неопходно. Таа би требало да биде насочена кон надминување на постојната состојба на обемни трајни иселувања и искористување на расположливите големи потенцијали на мигрантите за развојот на земјата од една, и ефикасно управување со имиграцијата и престојот на странците, од друга страна.

Донесувањето на конзистентна миграциона политика во Република Македонија е условено како од интензивирањето на меѓународните миграциони движења во светот, кои не ја заобиколуваат ни Република Македонија, така и од трендовите на емиграционите и имиграционите движења во земјата во последната деценија. Основни детерминанти за формулирање на миграционата политика во областа на меѓународните миграции во Република Македонија се:

- Промените во обемот, интензитетот и карактерот на надворешните миграции, односно иселувањата и доселувањата во Република Македонија и нивното влијание врз демографскиот и социо-економскиот развој на земјата;
- Геополитичката положба на Република Македонија како подрачје на кое традиционално се вкрстуваат миграционите текови во овој дел од европскиот континент;
- Потребата и желбата на Владата на Република Македонија за целосно и континуирано усогласување на законодавството во областа на миграциите и азилот со тоа на Европската унија, кои произлегуваат од цврстата определба на земјата да биде дел од евроинтеграциските процеси и
- Промените кои се очекуваат во обемот на транзитните и илегалните миграции по отпочнувањето на преговорите за полноправно членство во Европската унија.

Документот се состои од три дела. Во првиот воведен дел покрај постојниот меѓународен контекст во кој се одвиваат овие миграции во Република Македонија, согледани се клучните детерминанти за конципирањето на миграциона политика, потоа идентификувани се начелата, основните елементи, критериумите и принципите на миграционата политика на Република Македонија.

Вториот дел се однесува на оцената на состојбата на миграционите процеси во Република Македонија. Притоа, предмет на поопсежна опсервација се следните подрачја:

- визниот режим,
- регуларните миграции (емиграцијата во странство, престојот и вработувањето на странците во Република Македонија),
- азилот,
- интеграцијата на странците,
- државјанството на Република Македонија и
- илегалната миграција.

Во третиот дел, врз база на идентификуваните промени и постојната состојба во однос на различните видови на миграции, се идентификуваат насоките и целите на миграционата политика согласно со определбата за конципирање на сеопфатна и конзистентна политика во однос на прашањето на надворешните миграции. Врз основа на вака утврдените цели се определуваат мерки и активности кои треба да овозможат ефикасно спроведување на миграционата политика. Тие се однесуваат на креирање на нови и/или подобрување на постојните извори на податоци, конципирање на политики во одредени области, измени, дополненија и натамошната хармонизација на регулативата во областа на миграциите со европското законодавство, зајакнување на административните и техничките капацитети на институциите, продлабочување на соработката на надлежните институции и друго.

Во заклучните согледувања се презентира на кој начин Република Македонија ќе ја води политиката на управувањето со миграционите текови и што треба да направи земјата за да има конзистентна и доследна миграциона политика.

[1] Извор: http://www.unhcr.org/admin/ADMIN/475fb70f4.html

Миграционата политика е документ во кој е искажан ставот на Собранието на Република Македонија за уредување на прашањата од областа на надворешните миграции и нивното ефикасно управување во периодот 2009-2014 година. Со оглед на значењето на миграционите текови и нивното влијание врз демографскиот и социо-економскиот развој, како и културниот и политичкиот живот, Република Македонија со овој документ ги определува насоките за сеопфатно и ефикасно управување на миграционите текови.

Донесувањето на миграциона политика на Република Македонија претставува значајна активност која, меѓу другото, има за цел воспоставување на правна рамка во областа на миграциите, усогласена со правната рамка на Европската унија. Согласно со Спогодбата за стабилизација и придружување меѓу Република Македонија и Европската унија, земјата презеде обврска за соработка во областа на визите, граничната контрола, азилот и миграциите. Освен тоа, Република Македонија се обврза да соработува при спречувањето и контролата на илегалните миграции и реадмисијата. Оттаму, една од обврските на Националната програма на Република Македонија за усвојување на правото на Европската унија за 2008 година е изработка и усвојување на документ за миграционата политика на земјата.

## 1. Начела на миграционата политика на Република Македонија

Миграционата политика на Република Македонија се темели на неколку основни начела кои имаат универзално значење. Тоа се:

- Начелото на почитување и заштита на човековите права и слободи, што подразбира исполнување на обврските од Уставот на Република Македонија, потоа меѓународните конвенции и договори, како и почитување на општоприфатените начела и правниот поредок. Ова начело бара почитување на човековите права на сите луѓе согласно со позитивните прописи, вклучително и на граѓанските права на сите лица во државата со регулиран статус, од заштита на личните податоци до личната слобода и начелото на невраќање (non-refoulement) на барателите на азил, бегалците, лицата под хуманитарна заштита и другите лица коишто имаат потреба од меѓународна заштита;
- Начелото на одговорност на државата, кое првенствено се однесува на регуларните (законските) слободни доселувања и иселувања, како и регулирањето на натурализацијата. Ова начело, исто така, се однесува и на емиграцијата и враќањето на државјаните и лицата со македонско потекло и на одговорноста за зачувување и развој на идентитетот на македонскиот народ;
- Начелото на солидарност, меѓународна поделба на товарот и одговорноста, што претставува обврска за давање заштита и помош на бегалците, вклучувајќи ги и илегалните мигранти;
- Начелото на долгорочна макроекономска корист, која произлегува од слободните миграциони движења. Според ова начело може да се определат мерила и критериуми за контролиран прием на мигранти согласно со состојбите на македонскиот пазар на работна сила или капитал. Притоа треба да се има предвид процесот на приближување кон внатрешниот пазар на Европската унија и истовремено да се спречува илегалната миграција и вработувањето;
- Начелото на историска одговорност, кое почива на концептот на континуитет на историјата и заштита на националните интереси;
- Начелото на рамноправност, слобода и заемна соработка, кое првенствено се однесува на интеграционата политика.

## 2. Елементи, критериуми и претпоставки на миграционата политика на Република Македонија

Со оглед на комплексноста на подрачјето на миграциите и определбата во општата цел, миграционата политика на Република Македонија опфаќа повеќе аспекти на миграционите процеси. Оттаму, таа е мошне сложено и динамично подрачје чие управување бара вклученост и поддршка на сите институции и членови на општеството. Миграционата политика на Република Македонија ги обединува:

- Политиката на управување на миграционите текови, која ги опфаќа легалните миграциони движења условени од економски, социјални и политички причини, како и спречување на илегалните миграции, трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти, со истовремена заштита и помош на жртвите;
- Политиката во однос на дијаспората која се однесува на продлабочување на врските со дијаспората и искористувањето на развојниот потенцијал на иселеништвото, привремениот престој и вработувањето во странство, повратните текови и интелектуалната емиграција;
- Политиката на доселување која се однесува на регулирањето на доселувањата, поточно правилата и постапките коишто на странците им дозволуваат влез, престој и/или вработување, како и постојано населување;
- Политиката на заштита на бегалците, која меѓу другото опфаќа активно учество во меѓународното решавање на бегалските проблеми и нивните причини;
- Политиката на азил, како дел од политиката на заштита на бегалците, која се однесува на приемот, видот, и опсегот на заштита, потоа, престојот на барателите и признаени бегалци, како и нивната доброволна репатријација и
- Интеграциската политика, која се однесува на интеграцијата на присутните и потенцијалните доселеници, мерки на државата и општеството кои овозможуваат поволни услови за квалитетно живеење на доселениците, потоа активно спречување на дискриминацијата, ксенофобијата и расизмот, како и создавање на претпоставки доселениците да станат активни и одговорни учесници во општествениот живот и севкупниот развој на Република Македонија.

Споменатите политики, акционите и оперативните планови треба да се однесуваат на повеќе специфични подрачја и/или одделни нивни аспекти, чие конципирање треба да се одвива на начин кој ќе овозможи нивните специфични цели да кореспондираат и да бидат конзистентни со општата цел на миграционата политика во поширока смисла и другите релевантни политики. Поради тоа основните критериуми кои се користат и го определуваат дизајнирањето на миграционата политика на Република Македонија се:

- Конзистентност - усогласеност на специфичните политики (политиката на управување со миграционите процеси; политиката во однос на дијаспорта; политиката на доселување, политиката на заштита на бегалците; политиката на азилот, интеграциската политика) меѓу себе и со миграционата политика во поширока смисла;
- Компатибилност - усогласеност на миграционата политика со економската, социјалната, демографската и културолошката политика на Република Македонија. Проверка на усогласеноста меѓу целите на споменатите политики, ефикасноста на донесените мерки, влијанието на миграционата политика и континуирано прилагодување на промените во миграционите процеси;
- Транспарентност - при спроведувањето на одделните политики и севкупната миграциона политика во однос на административните процедури и трошењето на финансиските средства со цел да се осигури доверба и поддршка на јавноста и

- Одржливост - во смисла на дизајнирање, подготовка и следење на имплементацијата на миграционата политика.

Освен споменатите критериуми, за успешна имплементација на миграционата политика на Република Македонија неопходно е исполнување на следниве основни претпоставки:

- Јавна одговорност на надлежните министерства и други институции за напредокот при исполнувањето на целите на политиката и нивната имплементација;
- Отворање на нови агенции/институции во земјата;
- Јавна едукативна и информативна кампања за развивање на широка поддршка на миграционата политика;
- Унапредување на националниот капацитет за анализирање, креирање и имплементирање на унапредувањето на политиката;
- Партнерство со земјите на потекло, транзит и дестинација и
- Партнерство со регионалните и меѓународните организации, невладините и други организации на граѓанското општество, приватниот сектор и другите релевантни фактори.

3. Миграционите процеси во Република Македонија

Оцената на постојната состојба на сите релевантни аспекти на надворешните миграции во Република Македонија првенствено се однесува на законските основи и процедурите со коишто се регулираат истите, обемот и динамиката на различните видови на миграциони движења и со нив тесно поврзаните активности, како и надлежните институции и нивната соработка. Притоа предмет на посебна опсервација се: визниот режим, регуларните миграции (емиграцијата, престојот и вработувањето на странците), азилот, интеграцијата на странците, македонското државјанство и илегалната миграција.

3.1 Визен режим

Од аспект на социо-економскиот развој и просперитетот на Република Македонија еднакво важни се двата аспекти на визниот режим – влезот и престојот на странците во земјата и можноста граѓаните на Република Македонија непречено да патуваат во странство. Оттаму, при идентификување на постојните состојби во оваа област се анализира визниот режим на Република Македонија, како и визниот режим на Европската унија и на трети земји кон Република Македонија.

Визите се битен инструмент на миграционата политика, а визниот режим служи како основно средство за контролирање на легалниот влез во земјата. Во таа смисла, визната политика се однесува на: процедурата на издавањето на визата како превентивна мерка пред приемот на странците, потоа визата како сигурносно и идентификационо прашање (користење на високо заштитени стандарди на налепниците на визата и на нови технологии за јасна идентификација на лицата), како и административна и придружна инфраструктура (соработка на надлежните институции во земјата, во регионот и пошироко, ефикасен Визен центар и систем на електронско управување).[2]

Во Република Македонија процесот на издавање визи е утврден и се одвива согласно со Законот за странците[3] и Правилникот за издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи, како и за образецот на визи и за водење на евиденција, кој го донесува министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи и Правилникот за странци. Во завршна фаза е подготовката на Упатството за работа на Визниот центар. Законскиот и нормативниот акт се усогласени со европското законодавство.

Според постојната регулатива, странец кој доаѓа од земја со која Република Македонија има визен режим, потребно е да аплицира за виза во надлежното Дипломатско конзуларно претставништво на Република Македонија во странство. По исклучок Министерството за внатрешни работи, по претходна согласност од Министертвото за надворешни работи издава транзитна виза и виза за краток престој (до 15 дена) на граничните премини, согласно со закон.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците,[4] врз основа на анализата на компаративното искуство за уредување на ова прашање, а имајќи ги предвид приоритетните заложби на Република Македонија за влез во Европската унија, се изврши дополнување на законската регулатива која се однесува на прашањето за општите услови за влез на странец во Република Македонија. Тоа се однесува на уредувањето на можноста Владата на Република Македонија да одреди државјаните на одделни земји членки на Европската унија и потписнички на Шенгенскиот договор да можат да влезат во Република Македонија и со важечка лична карта, под услови утврдени со закон. Во оваа смисла, Владата на Република Македонија донесе Одлука за овозможување влез во Република Македонија на државјани на земји членки на ЕУ и потписнички на шенгенски договор и со важечка лична карта,[5] која влезе во сила во октомври 2008 година.

Исто така, Владата овозможи секој странец кој поседува важечка Шенген Ц виза да влезе во Република Македонија без да поседува македонска виза. Гореnаведеното не се однесува на национални визи издадени од Шенген земјите со важност за наведената земја и истото ќе се спроведува во период од една година, односно ќе важи до 1 октомври 2009 година со можност за продолжување.

Целокупниот визен режим се одвива преку Националниот визен информативен систем лоциран во Визниот центар во Министерството за надворешни работи. Визниот центар е поврзан со 22 дипломатско-конзуларни претставништва каде што визите се издаваат преку Н-ВИС системот. Уште 12 дипломатско-конзуларни претставништва ја поседуваат потребната опрема и имаат дефиниран систем и постепено ќе се поврзуваат со Визниот центар. Освен тоа, оперативна е поврзаноста на Н-ВИС системот со базата на податоци на Одделението за странци и реадмисија на Министерството за внатрешни работи. Во тек се активности за поврзување и на граничните премини.

Согласно со Законот за странци во Република Македонија се издаваат четири вида на визи: транзитна виза која се издава на аеродромите (виза А); транзитна виза (виза Б); виза за краткорочен престој (виза Ц) и виза за долгорочен престој (виза Д). Визите Б и Ц може да се издаваат како групни визи и на осум гранични премини.

Издавањето на сите видови на визи се одвива врз основа на добро востановени и ефикасни процедури. При издавањето на А, Б или Ц визите странецот мора да ја добие визата пред влегувањето во земјата, аплицирајќи во соодветното дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство. Целокупната документација електронски се пренесува преку Н-ВИС системот до Визниот центар.

[2] MARRI, Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative, MARRI MIGRATION PAPER 2007, Supported by the kind donation of the Federal Republic of Germany, p. 100.

[3] *Закон за странците* „Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007 и 117/2008.

[4] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2008), се утврдуваат прецизни правни рамки за негова успешна практична имплементација, во делот кој се однесува на општите услови за влез на странец во Република Македонија, како и во делот кој се однесува на прашањата технички условени од гаранцијата на одредени документи која ја дава системот на Проектот "Нови лични документи".

[5] „Службен весник на Република Македонија“ број 123/2008.

Во процесот на издавање на виза Д, односно работни дозволи за странци коишто бараат да го регулираат нивниот престој во Република Македонија, Визниот центар има улога единствено на посредник. Имено, одлуката во врска со поднесената апликација во дипломатско-конзуларното претставништво ја донесуваат Агенцијата за вработување (Министерство за труд и социјална политика) и Министерството за внатрешни работи.

Во поглед на сите споменати аспекти на визниот режим Република Македонија има постигнато голем прогрес. Тој се манифестира во усогласената регулатива со Европската унија, ефикасните процедури, високите стандарди и користењето на новите технологии, како и успешна соработка на надлежните институции. Согласно со потребата за усогласување на националното законодавство во областа на безбедноста на личните документи за граѓаните со ИКАО 9303 стандардите и ИСО 7810 регулативите на ЕУ од април 2007 година, МВР на Р. Македонија ја започна имплементацијата на проектот за нови документи за лична идентификација, односно новиот систем за издавање пасоши со електронски чипови според најновите европски стандарди за заштита на документите за лична идентификација. Покрај патни исправи, системот се користи и за издавање лични карти и возачки дозволи, а оваа година започна издавањето на документи за идентификација на странците кои престојуваат на територија на Р. Македонија.

Што се однесува на либерализација на визниот режим на Европската унија кон Република Македонија, дијалогот беше официјално отворен во февруари 2008 година. Патоказот за визна либерализација за Република Македонија беше предаден во мај 2008, а содржи 40 барања кои треба да бидат исполнети заради целосна либерализација на визниот режим на Европската унија кон Република Македонија. Тие се однесуваат на: коректна имплементација на спогодбите за визно олеснување и за реадмисија и активности од делокругот на правдата и внатрешните работи, дефинирани во рамките на четири блока, и тоа: Безбедност на документи, Илегална миграција и реадмисија, Јавен поредок и безбедност и Надворешни односи и основни права.

Република Македонија посветено работи на исполнување на критериумите содржани во Патоказот за визна либерализација, со цел успешно да го заврши дијалогот за визна либерализација со Европската комисија. Согласно со досегашните постигнувања и планираните активности во релевантните области, се очекува постигнатите резултати да бидат соодветно валоризирани од Францускотo претседателство со ЕУ, Европската комисија и земјите членки преку иницирање на правната процедура (од ЕК) за укинување на визниот режим кон Република Македонија.

### 3.2. Регуларни (привремени и трајни) миграциони движења

#### 3.2.1. Особености на современата емиграција во странство

За преселничките движења од Република Македонија во странство во подолг временски период карактеристична е доминантна застапеност на иселувањата. Нејзината денешна територија е традиционално емиграциона повеќе од сто години.

Промените во обемот и карактерот на емиграцијата, од 1945 година до денес, соодветствуваат на фазите на општествено-економскиот развој на земјата и промените во миграционите политики на земјите на прием. Притоа се издвојуваат четири периоди:

- Првиот период, од 1945 до почетокот на шеесеттите години, се одликува со интензивни иселувања на лица од турска националност, а релативно помал е бројот на останатите граѓани кои заминале од земјата;

- Вториот период, 1961-1975 година, коинцидира со интензивирањето на економската емиграција - привременото вработување во странство и трајните преселувања во прекуокеанските земји;

- Во третиот период, 1976-1990 година, доаѓа до намалување на вработувањата во странство, поинтензивно враќање на работниците мигранти, обединување на семејствата на оние кои останале, саморепродукција на миграциониот контингент и постепено трансформирање на привремениот престој во траен и

- Временскиот интервал од осамостојувањето на Република Македонија до денес, се издвојува како посебен период во којшто е забележан најголем иселенички бран од започнувањето на економската емиграција во шеесеттите години на минатиот век.

Емиграцијата од Република Македонија во европските и прекуокеанските земји на прием и денес се одвива со релативно голем интензитет. Ваквата констатација би можела да се потврди со расположливите (иако нецелосни) податоци од домашни и странски извори.

Податоците за преселничките движења во странство, од административни и статистички извори, во основа може да се оценат како некомплетни. Со последниот попис на населението беа опфатени само лицата кои престојуваат во странство до една година. Во редовното статистичко истражување за доселените и отселените лица на Државниот завод за статистика, пак, мошне мал е опфатот на граѓаните коишто ја напуштаат земјата, бидејќи најголем дел од нив не ја пријавуваат оваа промена.[6]

Врз основа на сите расположливи податоци (од домашни и странски извори) вкупниот обем на емиграцијата од Република Македонија во периодот на транзиција би можел да се апроксимира на најмалку 150 илјади лица. Вкупниот број наши граѓани кои денес престојуваат во странство е мошне голем. Тој може да се процени на безмалку 400 илјади лица, што претставува околу 20% од вкупното население во 2007 година.[7] Во услови на потенцирано трансформирање на привремениот престој во трајни преселувања, како и интензивирање на иселувањата во поново време, со емиграцијата Република Македонија трајно губи значителен дел од своето население.

Во периодот по 2000 година се одвиваат три вида на емиграција од Република Македонија. Имено, со несмален интензитет продолжи трајната семејна емиграција или обединувањето на семејствата кое започна на почетокот на деведесеттите години. Огромен интензитет забележа емиграцијата на високообразованите кадри, посебно на оние од техничките струки. Во пораст е привремената економска емиграција, односно привременото вработување на македонски граѓани во соседните земји и пошироко.

Современите преселнички движења од земјата во странство се одликуваат со значителни промени во демографските и социо-економските карактеристики на мигранти. Тие се манифестираат во пораст на емиграцијата од градските подрачја, зголемено учество на жените во вкупниот миграционен контингент, сигнификантен пораст на одделни основни контингенти на населението (деца, младо население, женско фертилно

[6] Ова истражување се базира на пријавите - одјавите за доселеното - отселеното лице кои се добиваат од подрачните единици на Министерството за внатрешни работи. Тоа се спроведува согласно со Законот за државна статистика („Службен весник на Република Македонија“ број 54/97 и 22/2007), како и Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните и Законот за движење и престој на странците („Службен весник на Република Македонија“ број 36/92, 12/93, 43/2000 и 66/2007), односно новиот Закон за странците.

[7] Според проценките на Светската банка овие податоци респективно изнесуваат 370826 лица, односно 18,2%.
(World Bank, Development Prospects Group [2005]: Migration and Remittances Factbook,
http://siteresources.worldbank.org/INTPROSPECTS/Resources/3349341181678518183/Macedonia.pdf.

население), огромна интелектуална емиграција, континуирана насоченост на мигрантите од одделни делови од земјата кон исти земји на прием, што укажува на постоењето на миграциони врски.

Емиграцијата од Република Македонија се одвива под влијание на бројни и разновидни фактори, кои тешко би можеле целосно да се опфатат и соодветно да се систематизираат. Од нив, по своето значење се издвојуваат неколку групи на фактори: континуираниот пораст на емиграцијата кореспондира со промените во социо-економскиот развој на земјата; силно влијание врз обемот на емиграцијата има долгорочната мошне голема видлива невработеност; основни фактори за огромниот пораст на интелектуалната емиграција се невработеноста, непочитувањето на трудот, потценувањето на стручноста, ограничените можности за промоција во професијата; традицијата, формирањето на бројни македонски заедници и воспоставените миграциони врски претставуваат значајна, ако не и пресудна детерминанта на современата емиграција од традиционално емиграционите подрачја и во услови на постоење голем миграционен потенцијал во земјата, мошне значаен фактор за интензивирањето на емиграцијата беа поволните промени во имиграционите политики на земјите на прием.

Последиците и импликациите од емиграцијата се многубројни и мошне сложени, а се манифестираат во повеќе домени. Од аспект на социо-економскиот развој, особено значаен е нивниот одраз врз демографскиот и економскиот развој. Емиграцијата во странство со тек на време стана интегрален дел на развојот на населението во Република Македонија,[8] при што се зголемува нејзиното непосредно и посредно влијание врз забрзувањето на процесот на демографско стареење. Тенденцијата кон пораст на емиграцијата на високостручни кадри, како и научен подмладок од одделни факултети, имплицира промени во квалитетот на работната сила, и намалување на нивото на човечкиот капитал, а со тоа и негативни ефекти во областа на социо-економскиот развој на земјата и научно-истражувачката дејност. Во услови на огромна потенцијална интелектуална емиграција прашањето на „brain drain” или „одлив на мозоци“ треба да се смета како загрижувачко.

Влијанието на современата економска емиграција врз социо-економскиот развој на Република Македонија, се манифестира преку краткорочни и недоволно изразени развојни ефекти, а бројни негативни последици и импликации со долгорочно дејство. Во вакви околности, имајќи ги предвид, обемот и динамиката на емиграционите движења во последната деценија, потоа големата потенцијална емиграција (посебно интелектуалната емиграција), како и нивните последици и импликации врз социо-економскиот и демографскиот развој на земјата, неспорна е потребата од конципирање на комплексна политика кон дијаспората. Со неа би требало да бидат опфатени повеќе аспекти: обезбедување на релевантни податоци и информации за иселеништвото, потоа продлабочување на врските со иселениците, олеснување на нивното враќање во земјата, искористување на развојните потенцијали на иселеништвото и ублажување на последиците од интензивната интелектуална емиграција, како и поддршка на привремената емиграција и циркулацијата на работната сила.

### 3.2.2. Престој и вработување на странци во Република Македонија

Регуларните имиграциони движења во Република Македонија ги опфаќаат привремениот и постојаниот престој на странците по различни основи, вклучително и вработувањето на странците. Во контекст на конципирањето на миграционата политика предмет на опсервација се постојните состојби во однос на законските основи и процедурите на овие доселувања, потоа соработката на надлежните институции, како и обемот и динамиката на имиграцијата.

#### 3.2.2.1. Привремен и постојан престој на странци

Странец кој поради различни причини има намера да престојува во Република Македонија подолго од три месеца (90 дена) мора да го регулира привремениот престој. Согласно со Законот за странците,[9] Одделението за странци и реадмисија[10] може да издаде дозвола за привремен престој на странец по следниве основи: вработување, работа или вршење на самостојна дејност, потоа школување или студирање, меѓународна размена на ученици и студенти, специјализација, стручно и научно усовршување, како и лекување, семејно обединување или хуманитарни причини. Барањето за издавање на дозволи за привремен престој се поднесува во дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство, а по исклучок барање за семејно обединување може да се поднесе и во организационите единици на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

При проверките за донесување на одлуката за одобрување на привремен престој на странец се контактираат и надлежните институции во зависност од причините за кои се бара престојот. Министерството за внатрешни работи има потпишано Меморандум за соработка со Државниот завод за статистика и со Министерството за надворешни работи (за функционирањето на националниот информатички систем за визното работење при Визниот центар). Во фаза на потпишување е меморандумот за соработка со Министерството за труд и социјална политика и МВР за издавањето на работните дозволи на странците.

Во поглед на барањата за влезна виза за приватни, бизнис и туристички посети за краток престој до 90 дена Одделението за странци врши дополнителни проверки за оние лица кои се државјани на држави за кои според „Визниот режим на Република Македонија“ е назначено дека е потребна согласност од МВР. Одделението за странци е поврзано со „Н-ВИС“ Национален виза информатички систем преку кој ги добива и одговара на барањата за визи.

Издавањето на дозволата за привремен и постојан престој се врши во базата на „Нови лични документи“ кои ги исполнуваат директивите на Европската унија во поглед на заштитните елементи и биометричките податоци.

Дозвола за постојан престој се издава на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој. Барањето за одобрување на постојан престој може да се поднесе само во Република Македонија, а дозволата за постојан престој ја из-

[8] [illegible] 1994 [illegible] 2002 [illegible] 20.000 [illegible].

[9] Законот за странците започна да се применува на 1 јануари 2008 година, а ги уредува условите за влез, напуштање и престој на странци во Република Македонија. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2008), се утврдуваат прецизни правни рамки за негова успешна практична имплементација, во делот кој се однесува на општите услови за влез на странец во Република Македонија, како и на прашањата технички условени од гаранцијата на одредени документи која ја дава системот на Проектот "Нови лични документи".

[10] Одделението за странци и реадмисија, кое како организационен облик дејствува во МВР-Сектор за гранични работи и миграции, освен постапките за издавање на дозволи за привремен и постојан престој дава согласност на Визниот центар на МНР во постапка за издавање на Б и Ц визи за одредени држави и Д визи за одобрување на привремен престој; постапува по жалби, поплаки на странци, дава инструкции на подрачните организациони облици, врши обука на инспекторите за работа во базата на Нови лични документи, врши обука на полицајците од ГП во базата на Н-ВИС системот, води Гласник и Регистар за одредени странци, ги спроведува договорите за реадмисија со ЕУ и земјите кои не се членки на ЕУ, врши проверки по барање на ДКП за издавање на патен лист на државјани на Република Македонија и за нивно враќање во земјата.

дава Министерството за внатрешни работи лично на странецот на кого се однесува.

Во периодот од осамостојувањето на Република Македонија до денес забележливи се одредени промени во бројот, структурата и потеклото на странците со одобрен привремен и постојан престој. Имено, по распадот на СФР Југославија најголем број од странските студенти кои студираа на универзитетите во Република Македонија (со договори за размена на студенти) се вратија во своите матични држави. По 1992 година започнаа да се склучуваат бракови меѓу државјани на Република Македонија и Албанија.[11] Притоа, бројот на странските државјани со одобрен привремен престој континуирано се зголемува и во периодот 1992-1994 година изнесува од 7.000 до 8.000 лица. Во 1995 година тој е зголемен на 9.658 лица, а во периодот 1996-2007 година осцилира и се движи во интервал од 7.637 (1996) до 10.456 (2002).[12]

Што се однесува на странските државјани со одобрен постојан престој во 1992 година нивниот број драстично се намали, бидејќи со распадот на СФРЈ голем број примија македонско државјанство. По 1992 година само во временскиот интервал 1993-1996 година бројот на странски државјани се зголеми на 695 лица. Од 1996 година до денес тој се намалува и според постојната состојба изнесува 355 лица.

Според состојба на ден 15 октомври 2008 година вкупниот број на странци со одобрен привремен и постојан престој во Република Македонија изнесува 7.673 лица. Од нив 7.148 се странци со одобрен привремен престој, 355 странци со одобрен постојан престој, а 170 странци со деловна виза.[13] Од вкупниот број странци со одобрен привремен и постојан престој повеќе од една третина се од Србија и Црна Гора, а една петтина од Албанија.

Врз основа на расположливите податоци за структурните белези на странците со привремен и продолжен престој може да се констатира следното: доминантно е учеството на жените;[14] голема е застапеноста на младите и оние од старосната група 30-39 години; преовладува уделот на лицата со ниско ниво на образование, а релативно помал е оној на странците со средно и особено високо ниво на образование; половина од странците коишто престојуваат во земјата се издржувани лица. А тоа значи дека иако најголем број од имигрантите се на работоспособна возраст, значителен дел од нив се во категоријата на издржувани лица. Со оглед на ваквите карактеристики странците со привремен и продолжен престој имаат одредени импликации врз развојот на населението, пазарот на трудот и социоекономскиот развој на земјата.

Во врска со привремениот и постојаниот престој на странците во Република Македонија може да се констатира дека истиот е уреден со регулатива, како и кохерентни и транспарентни процедури коишто целосно се усогласени со оние на Европската унија. Најголем дел од активностите во оваа област Министерството за внатрешни работи ги извршува во соработка со други министерства и институции (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за вработување, Државниот завод за статистика, Министерството за образование, Министерството за економија, судовите, казнено- поправните установи и друго). Оваа соработка континуирано се проширува и продлабочува, особено по усвојувањето на новиот Закон за странците и неговите најнови измени.

Во поглед на користењето на податоците од системот за визи, азил, странци со одобрен привремен и постојан престој, како и базата за евидентирање на влезот на странците во Република Македонија потребно е развивање на информатичката технологија, поврзување и развој на базите за сеопфатно користење на податоците од овластените службени лица кои имаат суштинска потреба за истите. Постојниот систем за електронска обработка на податоците за странците (БМС евиденција - воспоставен уште во 1974 со надградба во деведесеттите години) во кој се внесуваат податоци за странците со одобрен привремен престој, азил, постојан престој и преземени мерки спрема странци (откажан престој, протерани, поднесени прекршочни пријави) не соодветствува со модернизацијата на ИТ технологијата и поврзувањето со други бази на податоци. Во врска со ова преземени се активности од страна на Владата на Република Македонија со склучување на договор со Владата на Норвешка за изработка на физибилити студија. По изработката на оваа физибилити студија потребно е нејзино финализирање со изработка на ИТ систем централна база за странци (софтвер и хардвер).

Што се однесува на бројот на странците со привремен и постојан престој во Република Македонија може да се оцени дека не станува збор за голем обем на имигранти. Сепак, имајќи ги предвид нивните карактеристики неспорна е потребата за ефикасно управување на економската и неекономската имиграција согласно со демографскиот и социо-економскиот развој на земјата.

### 3.2.2.2. Вработување на странци

Условите и начинот под кои странците може да се вработуваат и да работаат во Република Македонија, освен ако со меѓународен договор поинаку не е утврдено се уредени со Законот за вработување и работа на странци[15] кој влезе во сила во септември 2007 година.[16] Со него се утврдуваат основите на политиката за вработување и работа на странци, условите за издавање на работни дозволи, видовите на работни дозволи, како и постапката за нивно издавање. Освен тоа, со Законот се уредуваат условите за прекугранично давање на услуги од странски компании, преку упатување на работници во филијали и здруженија на странски компании во Република Македонија, потоа сезонската работа на странците, како и работата на странски претставници во компании и самовработување на странци во Република Македонија.

Законот за вработување и работа на странци од 2007 година е донесен согласно со определбите во Акциониот план за Европско партнерство и Програмата за работа на Владата на Република Македонија, а произлегува од потребата за усогласување на регулативата со законодавството на Европската унија и подобрување на климата за привлекување на странски инвеститори и условите за нивна економска активност во државата. Тој е речиси целосно усогласен со законските прописи и одделните регулативи на Меѓународната организација на труд и на

[11] До 1991 година најголем дел од странците кои престојуваа по основ на брак со државјани на Република Македонија беа од Бугарија, поранешните држави на СССР (Руската Федерација и Украина), Романија, Полска, Унгарија и Чехословачка.

[12] Податоците за бројот на странците со одобрен привремен и постојан престој се преземени од евиденцијата на Министерството за внатрешни работи.

[13] Во новиот Закон за странцитеаква виза не постои. Бројот на оние со одобрена деловна виза по стариот закон секојдневно се намалува затоа што им се одобрува привремен престој по основ на вработување или по истекот на визата ја напуштаат земјата.

[14] Учеството на женското во вкупното мигрантско население е определено според причините за преселувањата, во кои преовладуваат – склучувањето брак и семејните причини.

[15] *Закон за вработување и работа на странци* „Службен весник на Република Македонија“ број 70/2007. Врз основа на овој закон донесени се следните подзаконски акти: Правилник за постапката на регистрација и завршување на работата која ја вршат странци („Службен весник на Република Македонија“ број 108/2007) и Правилник за постапката за издавање на работни дозволи, како и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи („Службен весник на Република Македонија“ број 108/2007).

[16] До 2007 година оваа проблематика беше уредена со Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани („Службен лист на СФРЈ“ број 11/78 и 64/89 и „Службен весник на Република Македонија“ број 12/93). Согласно со одредбите на овој закон на странците им беше дозволено единствено да се вработат кај работодавач кој искажал потреба од вработување и кој не може да ја обезбеди потребната работна сила на домашниот пазар на труд.

Европската унија. Притоа во Законот во целост се транспонирани и одредбите од членот 11 на Директивата на Советот на Европа 2003/9/ЕС од 27 јануари 2003 година кои се однесуваат на вработувањето на баратели на азил и одредбите од членот 12 на Директивата на Советот на Европа 2001/55/ЕС од 20 јули 2001 година, според кои лицата под привремена заштита имаат право да се вработат или да вршат самостојна дејност.

Во Законот е предвидено и ограничување на бројот на вработувања и работа на странците на домашниот пазар на трудот. Основите за определување на овие ограничувања, произлегуваат од законодавството на Европската унија, според кое земјите членки за да го заштитат националниот пазар на трудот може да утврдат квоти на работни дозволи на годишно ниво. Согласно со утврдената политика за вработување и работа на странци во февруари 2008 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за утврдување на квотите за работни дозволи за странци за 2008 година.[17] Врз основа на согледаните потреби за работна сила во 2008 година дозволено е издавање на вкупно 3500 работни дозволи по сите основи. Вака утврдената квота е три ипол пати поголема од искажаните потреби за вработување на странци во Република Македонија во последните години.

Законот овозможува попривилегиран статус на државјани од членките на Европската унија, доколку со меѓународен договор се обезбеди реципроцитет во смисла на слободен пристап на пазарот на трудот.

Постојат три основни услови кои странецот задолжително треба да ги исполни за да може да се вработи или работи во Република Македонија. Тоа се поседување на дозвола за работа, регулиран престој во државата и вработувањето, односно работата на странците задолжително мора да биде регистрирана како работа на странец. Законот за вработување и работа на странци содржи одредби во врска со забраната на директна и индиректна дискриминација по сите основи при вработувањето и во текот на работата.

Во поглед на заштита на работничките права на странските работници законот дефинира три инстанци, преку кои може да се остварат правата од работен однос. Имено, против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган, со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, тој има право на жалба, во рок од осум дена од денот на приемот на решението, до министерството надлежно за работите од областа на трудот. Министерот надлежен за работите од областа на трудот, ќе донесе решение во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата. Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управни спорови.[18]

Податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија покажуваат дека во периодот 2002-2007 година биле издадени 5.867 одобренија за засновање на работен однос со странски државјани. Од нив 2.080 се нови, односно првпат издадени дозволи, а 3.787 претставуваат продолжение на дозволите за работа. Најголем дел од вработените странци се со средно и високо ниво на образование и припаѓаат на категоријата административни работници. Според земјата на потекло со највисоко учество се издвојува Србија, а релативно висока е застапеноста и на странските работници од Турција, Грција и Бугарија. Во овој временски интервал континуирано се зголемува бројот на дозволите за работа до една година, чие учество достигнува повеќе од 80%.

[17] Квотата не ги опфаќа странците на кои врз основа на договор за реципроцитет со Европската унија им е дадена еднаквост со граѓаните на Република Македонија (Одлука за утврдување на квотите за работни дозволи за странци за 2008 година „Службен весник на Репубилка Македонија" број 23/2008).
[18] *Закон за управни спорови* („Службен весник на Република Македонија" број 62/2006).

Со новата законска регулатива значително се унапредени условите и процедурите за вработување и работа на странци во Република Македонија. Таа започна да се применува од септември 2007 година и во овој краток временски период на нејзина практична примена беа согледани одредени предности и слабости. Имено, во насока на подобрување на ова законско решение неопходно е поедноставување на постапката за вработување на странци, како и изготвување на повеќејазична брошура со која на странците кои сакаат да работат во Република Македонија на едноставен начин би им се објаснила постапката за добивање на работна дозвола и постапката за регулирање на нивниот престој во државата.

Со оглед на постојните неповолни состојби на пазарот на трудот, односно големата невработеност, Република Македонија и во иднина би требало да води флексибилна и пазарно ориентирана политика на прием на странски работници според долгорочните цели на политиката на вработување. Согласно со утврдените специфични потреби ќе треба да се конципираат соодветни политики и процедури за прием на високообразовани и имигранти со финансиски капитал, потоа сезонско вработување на странци за одредени сектори врз база на билатерални и мултилатерални договори, како и за различни видови на привремено флексибилно вработување (краткорочен престој на договорни работници, меѓукомпаниски трансфер, менаџери во мултинационалните компании,обучувачи и слично).

### 3.3. Азил

Република Македонија на 18 јануари 1994 година ја презема Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година. Република Македонија им гарантира право на азил на странец и на лице без државјанство прогонети заради демократско, политичко уверување и дејствување. Ова право на азил првично беше регулирано со Законот за движење и престој на странците[19] во рамките на надлежност на Министерството за внатрешни работи.

Во периодот 1990-1991 година регистрирани се 1150 случаи на илегално преминување на лица од Република Албанија, по потекло етнички Македонци кои беа сместени во привремениот камп во Царина кај Ресен, од кои 300 стекнаа статус на бегалци. Во наредниот период 1992-1995 година, регистрирани се и 32.000-35.000 случаи од Босанската бегалска криза. Министерството за внатрешни работи вршеше инструктивно/надзорна функција на креирање на политиката на илегалната имиграција во Република Македонија.

Првите чекори за воспоставување на посебна организациона единица во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, која ќе се занимава со проблематика на бегалците се направени во 1999 година со формирањето на посебно Одделение за азил и илегална имиграција во рамките на тогашната Управа за странци.

Во истиот период, Република Македонија се соочи со масовен прилив на околу 360.000 бегалци поради воената криза во Косово, најголем дел етнички Албанци, како и Роми, Ашкалии, Египќани, Срби и Горани. Следејќи ги трендовите во областа на азилот на Европската унија за привремена заштита, во март 1999 година Владата на Република Македонија донесе одлука на сите бегалци да им обезбеди т.н. ПХЗЛ статус, односно статус на привремено хуманитарно згрижени лица (Директивата за привремена заштита во Европската унија е донесена во 2001 година). Истовремено, Одделението за азил и илегална имиграција започна да постапува по поднесени индивидуални барања за признавање статус на бегалец.

[19] *Закон за движење и престој на странци* („Службен весник на Република Македонија" број 36/92).

Во декември 2002 година Владата го усвои Националниот акционен план за азил и миграција. Тој беше резултат на работата на националниот тим за Македонија за миграција и азил, а кој го сочинуваа експерти за азил од Шведска, Македонија, Бугарија, Данска и Норвешка. UNHCR, IOM и ICMPD, исто така, беа дел од националниот тим. Националниот акционен план, покрај слика за моменталната ситуација во Република Македонија, содржеше внимателно одбрани препораки за проекти за реформи неопходни за унапредување на системот на азил и миграции на земјата со меѓународните и европските практики.

Во август 2003 година беше донесен Закон за азил и привремена заштита,[20] подготвен во соработка со експерти за азил од Кралството Шведска, Кралството Данска, Норвешка, Бугарија и од канцеларијата на УНХЦР во Скопје. Од канцеларијата на Европската унија во Република Македонија, тој е високо оценет "како целосно компатибилен со сите постојни стандарди во тоа време". Со овој Закон се предвидени три вида на меѓународна заштита:

- Признаен бегалец (бегалец согласно со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година;

- Лица под хуманитарна заштита (согласно со членот 3 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи од 1950 година и членот 3 од Конвенцијата против мачење и други облици на сурово, нехумано и понижувачко постапување или казнување од 1984 година) и

- Привремена заштита (којашто Владата може да ја даде во случај на масовен прилив на лица кои непосредно доаѓаат од земја каде што нивниот живот, безбедност или слобода биле загрозени од војна, граѓанска војна, окупација, внатрешен конфликт со насилство или масовно нарушување на човековите права).

По влегувањето во сила на Законот за азил и привремена заштита во 2003 година, преостанатите лица од Косово, Србија и Црна Гора, коишто имаа статус на привремено хуманитарно згрижени лица од 1999 година, согласно со членот 74 од новиот закон беа третирани како лица со привремена заштита. Меѓутоа, бидејќи беше истечено максималното времетраење на привремена заштита од две години и ситуацијата во земјата на потекло не беше променета, во смисла на нивно безбедно и трајно враќање, беа применети основните одредби на Законот за азил и на сите преостанати лица од Косово со привремена заштита им беше овозможено да достават индивидуални апликации за азил без прекинување на кое било од нивните стечени права. Следствено, во текот на 2003 година до Одделението за азил се поднесени вкупно 1.153 барања за признавање право на азил на вкупно 2.311 лица (најголем број етнички малцинства од Косово, Република Србија).

Во април 2006 година, Владата на Република Македонија го усвои модулот за азил за извештајот на напредокот на земјата за воспоставување на компатибилна правна, контролна и институционална рамка со Европската унија во областа на азилот, миграциите и прашањата на визите, како национална водечка насока за азилот. Во извештајот, Владата, во консултација со УНХЦР, идентификуваше неколку приоритети за азилот и активности коишто треба да се преземат на краток, среден и долг рок. Извештајот беше подготвен со поддршка на Регионалната CARDS програма за 2002/2003 година.

[20] *Закон за азил и привремена заштита* „Службен весник на Република Македонија" број 49/2003, 66/2007 и 142/2008.

Во 2007 година извршено е изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита,[21] со што е извршено делумно усогласување и Директивата на Европската унија за употреба на нов вид меѓународна заштита - правото на азил заради супсидијарна заштита.

Во периодот 2003-2008 година се регистрирани вкупно 2.631 барател на азил од кои 2.580 (или 98,1%) се од Косово.

Во октомври 2008 година беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита на Република Македонија. Со измените терминот лице под хуманитарна заштита се замени со терминот лице под супсидијарна заштита, а во однос на правото на барателот за употреба на соодветен правен лек, измените се во насока на можноста да поведе управен спор против Решението на Одделението за азил до надлежниот суд. Исто така, се утврдува обврската на Владата за утврдување на листата на безбедна земја на потекло.

Република Македонија го следи развојот на Европската политика кон еден заеднички европски систем за азил и препораките на Европската комисија по извештаите за напредокот. Извештајот за напредокот на Европската комисија за 2007 година укажува дека во целина има одреден напредок во однос на оперативниот капацитет на надлежните институции на централно ниво. Основното законодавство е донесено, а неговата имплементација во голема мера е усвоена. Што се однесува на забелешките во извештајот за слабиот административен капацитет во областа на миграциите, азилот и контролата на границата, надлежните власти за азилот во наредниот период ќе работат на целосно усогласување на процедурите со европските стандарди и ќе обезбедат соодветна имплементација на законот, одлучувањето и жалбените постапки.

Во врска со забелешките на Европската комисија за издавање на соодветни документи за идентификација, во август 2008 година Министерството за внатрешни работи започна да ги издава новите документи за идентификација на барателите на азил и утврди динамика и активности кои ќе се преземат заради целосно имплементирање на правната регулатива во оваа област.

Во октомври 2008 година Македонија присуствуваше на 59-тиот состанок на Извршниот комитет како рамноправна членка на Извршниот комитет на програмата на Високиот комесаријат за бегалци.

Во Република Македонија две министерства ја делат одговорноста во однос на постапката и грижата за барателите на право на азил. Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика. Одделението за азил е тоа кое ги процесуира барањата без разлика дали барањето е поднесено на граничен премин, во внатрешноста на Република Македонија или на аеродром.

Во периодот на постапката за азил, вклучувајќи го и жалбениот период, како и периодот по поднесена тужба на овие лица им е дозволен престој во Република Македонија при што државата ги покрива сите трошоци за нивна грижа и престој. По завршувањето на сите фази од постапката по однос на одбиено барање кое е завршено со пресуда од Управен суд, лицето согласно законската регулатива во Република Македонија се префрла од Прифатен центар за азил во Прифатен центар за странци кој го менаџира Министерството за внатрешни работи. Тие ги преземаат сите натамошни постапки за негова депортација во земјата на потекло, односно во земјата од каде што дошло лицето.

[21] Закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита „Службен весник на Република Македониј" број 66/2007.

Во областа на азилот, идните активности во Република Македонија треба да бидат насочени кон следење и натамошна хармонизација на националното законодавство и практиката согласно со промените во оваа област со законодавството на Европската унија, како и континуирано дооформување и кадровско зајакнување на Одделението за азил.

### 3.4. Интеграција на странците

Преземените мерки во социјално-економската сфера на интеграција треба да им овозможат на имигрантите, пред сé, на бегалците, да стекнат економска независност, односно да не бидат зависни од финансиската поддршка која им ја даваат државните органи. Главни елементи на политиката во оваа област се образованието, вработувањето, домувањето, како и здравствената заштита.

Постојната регулатива во Република Македонија дава солидна основа за интеграција на имигрантите. Во таа смисла, првенствено треба да се истакнат: Законот за странците, Законот за државјанство, Законот за здравствена заштита, Законот за основно образование, Законот за социјална заштита, Законот за азил и привремена заштита и Законот за вработување и работа на странци.

Македонската легислатива во областа на образованито се состои од правни акти кои го покриваат образовниот процес, почнувајќи од предучилишното до високото образование. Законот за основното образование[22] предвидува можност странци и лица без државјанство да стекнат основно образование под услови предвидени во законот. Правото и соодветната обврска за посетување настава во основното образование, се однесуваат на секое дете кое престојува во Македонија и се засновани врз одредбите на Уставот на Република Македонија,[23] кој предвидува бесплатно и задолжително основно образование. Вообичаено бегалците и имигрантите, доаѓајќи во нова средина можат да се соочат со сериозни потешкотии, како од технички, така и од психолошки карактер. Оттаму, вложувањето напори за нивна интеграција во образовниот систем ќе вроди со позитивни резултати од аспект на натамошното целосно вклучување во општествените текови. Во периодот 2004-2007 година околу 250 ученици од бегалската популација, редовно посетуваа настава. Овие деца наставата ја следеа во редовните паралелки од образовните институции, со што отпочнаа активностите за нивна поцелосна интеграција во општеството.

Вработувањето на имигрантите по правило се смета како најсложено прашање во процесот на социјалната интеграција. Ова се случува најмногу поради фактот што влијанието на државните структури врз можностите за вработување на имигрантите/бегалците на слободниот пазар на труд е ограничено. Во однос на пристапот до пазарот на трудот, во целост се уредени прашањата на вработувањето на странците, при што членовите на потесното семејство на странец со регулиран престој на територија на Република Македонија и бегалците имаат право да аплицират за лична работна дозвола со која стекнуваат идентични права во однос на аплицирањето за работа, како и домицилното население.

Што се однесува на социјалните права во постојните услови само барателите на азил, лицата под хуманитарна заштита, жртвите на трговија со луѓе, признаените бегалци и странците со постојан престој имаат целосен пристап до социјалните права.

[22] Член 9 од Законот за основното образование „Службен весник ан Република Македонија“ број 103/2008.
[23] Член 44 од Уставот на Република Македонија.

Успешноста на интегративниот процес не зависи само од донесената законска регулатива. Интеграцијата претставува еден интерактивен процес во кој и локалното население има активна улога во прифаќањето на лицата со различна култура. За таа цел неопходни се активности и средства за пропагандни активности во оваа област.

Со оглед на големото значење на прашањето на интеграцијата на странците при Министерството за труд и социјална политика формирана е Меѓуминистерска група за инеграција на бегалци и странци. Една од приоритетните задачи на ова тело е изготвувањето на Стратешки документ за интеграција на бегалците и странците во Република Македонија.

Независно од одделниот статус на имигрантите како приоритети кон кои треба да се обрне поголемо внимание во процесот на нивна интеграција се следниве прашања: прашања на правниот статус во кои влегуваат престој и патувања, документација, семејно обединување, вработување и образование, здравствени услуги, социјални услуги, прашања од областа на пензиското и инвалидско осигурување, правна и јазична помош и комуникација со меѓународни организации и квалификувани институции за консултации. Бидејќи дел од овие прашања се уредени со поголем број на законски решенија, во догледно време Република Македонија, треба да размислува за донесување на посебен закон за интеграција на странци каде во целост би биле опфатени правата, должностите и постапките за вклучување на имигрантите во интегративните процеси.

### 3.5. Државјанство на Република Македонија[24]

Една година по осамостојувањето на Република Македонија, поточно во ноември 1992 година беше донесен Законот за државјанството на Република Македонија.[25] Овој закон беше добра правна основа за апсолвирање на прашањето на државјанството, како во контекст на сукцесијата на поранешната СФРЈ, така и во поглед на решавањето на голем број индивидуални случаи во областа на државјанството.

Согласно со Законот за движење и престој на странци[26] што беше во сила до денесување на Законот за странците, како странец се сметаше лице кое не е државјанин на Република Македонија. Одредбите на овој закон не се применуваа врз лицата со друго републичко државјанство кои во рок од една година од донесувањето на Законот за државјанство поднеле барање за стекнување на државјанство, односно до донесување на конечно решение во управна постапка за прием на државјанство на Република Македонија.

На почетокот на 2004 година Законот за државјанство[27] беше изменет и дополнет, пред сé, заради целосно усогласување со Европската конвенција за државјанството, но и заради надминување на одредени недоречености што беа констатирани во текот на практичното спроведување на Законот. Со последните измени во Законот за државјанство во 2008 година се направени одредени измени во делот на отпустот и приемот за државјанство.[28]

#### 3.5.1 Стекнување на државјанство на Република Македонија

Согласно со Законот, државјанство на Република Македонија се стекнува со потекло, раѓање на територијата на Република Македонија, природување и меѓународни

[24] Во Законот се користи терминот “државјанство на Република Македонија“, а во пасошите во рубриката “државјанство“ стои “македонско“.
[25] *Закон за државјанството на Република Македонија* “Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 8/2004 и 98/2008.
[26] *Закон за движење и престој на странци* “Службен весник на Република Македонија“ број 36/92.
[27] “Службен весник на Република Македонија“ број 08/2004.
[28] “Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008.

договори. Во Законот за државјанство на Република Македонија се вградени основните начела и стандарди на европското законодавство, а кои се однесуваат на начелото на правниот континуитет на државјанството, начелото на исклучивост на македонското државјанство, начелото на спречување на апатридноста и начелото на рамноправност на брачните, вонбрачните и посвоените деца.

Основ за стекнување на државјанство кој најмногу може да се поврзе со миграцијата е природувањето. Најбројна категорија на лица кои во изминатиот период стекнаа државјанство на Република Македонија по пат на природување се лицата државјани на поранешната СФРЈ и на некоја од републиките на поранешната СФРЈ. Република Македонија е веројатно единствената земја која по сукцесијата предвиде две преодни одредби во двата закона кои овозможија стекнување на државјанство на Република Македонија за оваа категорија на граѓани под олеснителни околности и со минимум услови.

Основен услов за редовната натурализација е законски престој на територија на Република Македонија. Со измените на Законот за државјанство во 2004 година овој услов е намален од 15 на осум години престој. Овој основ за стекнување на македонско државјанство, под претпоставка на исполнување и на други дадени услови, е во согласност со Европската конвенција за државјанство.

Лицата кои имаат потекло од Македонија, а живеат надвор од земјата можат да стекнат државјанство на Република Македонија по пат на природување (и тоа иселениците и нивните потомци до прво колено), како и лицата кои се по потекло од Македонија, но не се иселеници бидејќи никогаш и не биле државјани на Република Македонија, ниту тие ниту нивните родители (станува збор за лица од соседните земји).

Државјанство на Република Македонија можат да добијат и лица чие примање во државјанство на Република Македонија претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес.

Еден од привилегираните основи за стекнување на државјанство на Република Македонија е бракот со државјанин на Република Македонија. Измените на Законот воведоа една новина, во смисла дека покрај лицата кои законски живеат во Република Македонија повеќе од една година и се во брак три години со државјанин на Република Македонија, државјанство можат да стекнат и лица кои се најмалку осум години во брак со државјанин на Република Македонија, а законски и постојано живеат во странство.

Законот овозможува и стекнување државјанство на малолетни деца чии родители (едниот или двајцата) стекнале македонско државјанство.

Согласно со Законот за државјанство на Република Македонија, барање за стекнување, престанување или утврдување на државјанство на Република Македонија се поднесува до Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на лицето или ако лицето живее во странство во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство. Барањата се доставуваат на надлежно постапување и одлучување во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Во процесот на спроведување на постапката и утврдување на исполнетоста на одредени услови предвидени во Законот, Министерството остварува соработка со повеќе надлежни институции. Институционалната соработка во однос на постапките за стекнување на државјанство по пат на натурализација се одвива на неколку нивоа. Првенствено тоа е внатрешната соработка со други служби во Министерството (службата за странци, за азил, за безбедност, полициските станици, казнената евиденција и слично) Во ваквите постапки постојана е соработката на Министерството за внатрешни работи со други министерства и институции. Така на пример: со Министерството за правда (при утврдување на фактот дали против апликантот се води кривична постапка во Република Македонија); со комисија при Владата (за утврдување на условот владеење на македонскиот јазик); со Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за иселеништво, Министерството за образование и наука, Владата на Република Македонија (за утврдувањето на постоење на особен интерес - економски, спортски, културен, научен, национален, за странец да биде примен во државјанство на Република Македонија).

Од 1993 до 2008 година државјанство на Република Македонија стекнале 98.990 лица. Повеќе од четири петтини (88,6% или 87.740 лица) од нив се државјани на поранешната СФРЈ и на некоја од републиките на поранешната СФРЈ. Притоа од нив државјанство по основ на природување, согласно со двата привилегирачки основи предвидени само за оваа категорија на лица кои живееја во Македонија пред сукцесијата и по осамостојувањето продолжија да живеат овде, добиле 60.585 лица.

Во овој период значителен број на државјанства (14.567 или 14,7%) се издадени по основ на склучување на брак со државјанин на Република Македонија, како и поради особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес (11.509 лица или 11,6%). Од другите лица според обемот се издвојуваат оние коишто добиле државјанство по основ на редовна натурализација (4.392 лица или 4,4%) и малолетните деца чии родители стекнале државјанство на Република Македонија (5.676 лица или 5,7%).

Посматрано според земјите на потекло на барателите на државјанство според бројот на стекнатите државјанства се издвојуваат Албанија (7.213 лица), Грција (1.120) и Бугарија (868 лица), чие заедничко учество во вкупниот број издадени државјанства изнесува 9,3%.

### 3.5.2. Отпуст од државјанство на Република Македонија

Законот за државјанството на Република Македонија ги регулира и начините на престанок на државјанство и предвидува дека државјанство на Република Македонија престанува со отпуст и со меѓународни договори.

При водењето на постапките за отпуст од државјанство на Република Македонија, исто така, се остварува постојана комуникација со другите служби во Министерството за внатрешни работи, како и со други министерства и институции. Со цел да утврди дали се исполнети условите за отпуст предвидени со Законот за државјанството на Република Македонија Министерството за внатрешни работи остварува соработка со Управата за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика, односно со центрите за социјални грижи, Министерството за правда, Фондот за здравство, Централниот регистар и други.

Согласно со Законот за државјанство, за стекнување, односно престанување на државјанството на Република Македонија се известуваат надлежните државни органи и организации кои го евидентираат државјанството во евиденциите за кои со закон се овластени да ги водат.

Во периодот 1993-2008 година отпуст на државјанство добиле 20.803 лица. Најголем дел од нив или повеќе од четири петтини отпаѓаат на Германија (53,9%) и Австрија (27,8%). Од другите земји со релативно повисоко учество се издвојуваат Турција (7,1%), Словенија (3,8%) и Хрватска (2,4%).

Основа за ефикасно постапување во која било област (државјанство, лични документи, миграции, интеграција, реинтеграција) покрај законската рамка секако се и добрите евиденции кои ќе бидат сигурни и обезбедени, но и лесно достапни на оние субјекти кои имаат потреба и законска основа за користење на податоците од нив. На пример, креирањето политика за враќање на

емиграцијата и нејзина реинтеграција во земјата задолжително претпоставува поседување на структурна евиденција која ќе се заснова на целосни и проверливи податоци. Во насока на наведеното особена важност и приоритет треба да се посвети на виталната евиденција на граѓаните, односно матичната евиденција (книги на родени, венчани и умрени) која сé уште не се води целосно автоматизирано. Во тек е процес на преземање на оваа евиденција во надлежност на Министерството за правда и во рамките на овој процес предвидено е истата да биде целосно автоматизирана.

3.6. Илегална миграција

Глобализацијата и интернационализацијата на пазарот на трудот, како и разликите во животниот стандард меѓу државите, се основни причини за појавата и интензивирањето на илегалната миграција. Не помалку значајни детерминанти се заострувањето на визната политика и зголемување на граничната контрола особено на земјите членки на Европската унија. Условена од својата географска местоположба, како и од постојната економска и социјална состојба Република Македонија, пред сé, е определена како земја-транзит.

Илегалната миграција е комплексна проблематика која опфаќа повеќе аспекти. Имајќи ги предвид манифестираните облици на овие движења во Република Македонија и специфичностите од аспект на нивното следење и управување одделно се посматраат илегалните преминувања на границата, незаконскиот престој и вработување на странски граѓани, трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, националната и меѓународната соработка во областа на враќањето (реадмисијата) на илегалните мигранти.

3.6.1. Илегални преминувања на границата

Министерството за внатрешни работи, како еден сегмент од надлежностите, континуирано ја следи состојбата на државната граница и презема мерки и активности за спречување на илегалните преминувања на границата и обезбедување поволна безбедносна состојба.

Владата на Република Македонија со цел да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борбата против илегалната миграција на 22 декември 2003 година ја усвои „Националната стратегија за интегрирано гранично управување“. Основни цели на оваа стратегијата беа: промена на постојната законска регулатива, формирање на граничната полиција и трансформирање на надлежностите околу обезбедувањето на државната граница, обука и тренинг на припадниците на граничната полиција, изработка на ИТ систем, техничко опремување и формирање на Национален координативен центар за гранично управување (НКЦГУ). Оттаму, една од основните цели на Националната стратегија за интегрирано гранично управување беше обезбедувањето на државната граница да биде преземено од страна на Министерството за внатрешни работи (Гранична полиција).

Трите главни столба на концептот за интегрирано гранично управување се: меѓуресорската, меѓуагенциската и меѓународната соработка. НКЦГУ е владино тело со кое раководи Национален координатор. Во неговата работа учествуваат претставници од сите министерства кои се вклучени во системот на интегрирано гранично управување. Основна задача на НКЦГУ е да ја следи состојбата на границата и да ги координира активностите во врска со граничното управување меѓу државните органи кои имаат надлежност во оваа област.

Законската рамка врз основа на која Министерството за внатрешни работи ги спроведува протоколите при справување со илегалната миграција се: Законот за надзор на државната граница донесен на 1 април 2007 година, Законот за странците донесен на 1 јануари 2008 година, потоа подзаконските акти донесени врз основа на овие закони, како и договорите за реадмисија.

Согласно со евиденцијата на Министерството за внатрешни работи, во периодот од 1990 година до август 2008 година, регистрирани се вкупно 87.775 илегални преминувања. Најголем број од нив биле албански државјани (52.797 лица), романски (21.578), македонски (4.133) и државјани на СР Југославија (3.457), а релативно помалку бугарски (2.861), молдавски (1.729), турски (221), индиски (187) и украински државјани (163). Разгледувањето по години бројот на лицата кои илегално ја преминале македонската граница најголем е во 1992, 2000 и 2001 година (повеќе од 9.000 лица), а најмал во 2002 и 2003 година (600-800 лица).

Во последните години и натаму најголемиот број на илегални преминувања се регистрирани на албанско-македонската и македонско-грчката граница, од страна на албански, македонски и државјани на постсоцијалистичките земји.[29] Поради преземените засилени мерки од страна на граничната полиција и редовната соработка со соседните погранични органи во 2007 и 2008 година, забележано е намалување на илегалните преминувања за околу три пати во споредба со 2006 година. Притоа, треба да се истакне успешното спроведување на контролата на границата од страна на граничната полиција, што резултираше и со поголем број спречени илегални преминувања.

3.6.2. Незаконски престој и вработување на странци

Незаконскиот престој и вработувањето на странци тешко би можел попрецизно да се утврди. Одредена претстава за нивниот обем може да се добие од податоците за преземените мерки спрема странски државјани. Согласно со податоците на Одделението за странци и реадмисија може да се констатира дека во периодот 1991-1999 година бројот на странците кои незаконски престојувале во Република Македонија бележи значителни осцилации.

Според состојбата во 1990 година, заради незаконско престојување во Република Македонија им е откажан престојот на 435 лица. Во 1991 година тој е четири пати поголем и изнесува 1745 лица. Во временскиот интервал 1992-1999 година бројот на странски државјани спрема кои биле преземени мерки, односно на кои им бил откажан престој е најголем во 1996 (4.157), а најмал во 1992 година (1.304 лица).

Во периодот по 2000 година бројот на странците кои незаконски престојувале во Република Македонија исто така осцилира, а во 2006 и 2007 година бројот на странските државјани на кои им бил откажан престој изнесува 727, односно 646 лица. Врз основа на овие податоци, како и на други индиции може да се констатира дека незаконскиот престој и вработувањето на странците во Република Македонија се одликува со релативно мал обем, кој нема позначително влијание врз социо-економскиот развој и безбедноста на земјата.

3.6.3. Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

Трговијата со луѓе се одвива со намера да се експлоатира одредено лице без оглед на тоа како жртвата ќе стигне до местото каде што се врши експлоатацијата. Така, во случаите кога се минуваат граници трговијата вклучува легален или илегален влез или престој во земјата на транзит или крајна дестинација. Криумчаре-

[29] Со укинувањето на визниот режим спрема земјите од Шенген зоната и овозможувањето слободно заминување во западноевропските држави, во 2003 година значително беа намалени илегалните преминувања на романските и бугарските државјани.

њето мигранти, пак, претставува помагање во илегално преминување на границата и илегален влез. Што значи криумчарењето содржи транснационален елемент и главно е насочен против интересите на државата, а не против поединецот.

Во последните години, релативно е поголем бројот на идентификувани и асистирани жртви на трговија заради принудна работа и питачење, отколку за сексуална експлоатација.

Владата на Република Македонија со цел да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борбата против илегалната миграција и трговијата со луѓе во 2001 година донесе одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција.[30] Таа имаше за задача: да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, да ги координира активностите на надлежните институции и да соработува со меѓународните и невладините организации кои се вклучени во решавањето на проблемите од оваа област. Заради поефикасно справување со овој вид на криминал во 2002 година[31] е донесена Национална програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.[32] Врз основа на оваа Национална програма во 2006 година е изготвена и донесена Стратегијата за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, како и Националниот акционен план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Треба да се нагласи дека во тек е постапката за донесување на нов Национален акционен план за борба против трговијата со луѓето и илегалната миграција за 2009-2013 година.

Националната комисија ги изготви и „Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе" кои Владата на Република Македонија ги усвои во јануари 2008 година. Министерството за труд и социјална политика во 2005 година го воспостави „Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе".

Во Законот за надзор на државната граница, Кривичниот законик, Законот за странците и договорите за реадмисија пропишани се повеќе мерки кои на Република Македонија и даваат можност поефикасно да се справува со трговијата со луѓе и илегалната миграција. Тие се однесуваат на:

- Визната политика, како основен услов за ефикасна борба против илегалната миграција. Во таа насока, посебно внимание се обрнува на превенцијата на фалсификувањето и лажното користење патни документи;
- Контролата на границите, која вклучува контрола на граничните премини и патролирање долж целата граница;
- Размената на информации, соработката и координацијата на активностите со другите земји;
- Политиката на враќање, реадмисијата и воведувањето заеднички стандарди за процедурите за враќање;
- Санкциите за превозниците, особено авионските компании, кои играат значајна улога во борбата против илегалната миграција поради тоа што се одговорни за контрола на патните документи на нивните патници;
- Санкциите за работодавците;
- Казните против криумчарите со луѓе. Тие се се поактуелни затоа што мигрантите се потпираат на криумчарите поради строгите визни политики;
- Формирање и Национален координативен центар за гранично управување со основна цел поефикасна координација и олеснување на размената на податоци и информации;
- Формирање Прифатен центар за странци во кој се сместуваат странци - илегални мигранти до утврдување на нивниот идентитет и враќање во матичните држави, како и странци жртви на трговија со луѓе во периодот на одлучување и
- Договорите за реадмисија, како значајно средство за борба против илегалната миграција.

Во Република Македонија проблематиката на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти се регулира со повеќе закони.[33] Бидејќи станува збор за закони усвоени во последните неколку години и кои во голема мера се усогласени со европското законодавство може да се констатира дека законскиот основ за управување на овие миграциони движења е усогласен со европската регулатива во оваа област.

Од 2004 година до октомври 2008 година во областа на трговијата со луѓето и криумчарењето на мигранти регистрирани се 199 кривични дела, со 468 сторители и 687 жртви/мигранти. Најголем дел од нив се по основ на криумчарење на мигранти (138 кривични дела, со 272 сторители и 643 жртви/мигранти).

Како резултат на ефикасната борба при справувањето со трговијата со луѓе Република Македонија за 2008 година влезе во групата на ТИЕР 1 земји, согласно со рангирањето кое го прави Владата на САД врз база на конкретни критериуми и показатели.

### 3.6.4. Национална и меѓународна соработка во областа на илегалните миграции и реадмисијата

Илегалната миграција е глобален проблем. Поради тоа Република Македонија посветува посебно внимание на меѓународната соработка и размената на податоци од областа на илегалната миграција. Од тие причини во процесот на сузбивање на илегалната миграција Република Македонија има воспоставено широка меѓународна соработка. Во таа смисла, има потпишано голем број на билатерални и мултилатерални договори, со земјите од опкружувањето и пошироко, во врска со илегалната миграција:

- Одделни договори меѓу Владата на Република Македонија и Владите на Република Бугарија, Република Црна Гора, Романија, Советот на министри на Република Албанија, како и меморандум со Република Србија, за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, нелегална миграција и други кривични дела;
- Договор за соработка во областа на безбедноста меѓу министерствата за внатрешни работи на Република Македонија и Романија;
- Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за јавен ред на Република Албанија и Националната информативна служба на Република Албанија;
- Договор меѓу Владите на Република Македонија и на Република Бугарија за полициска соработка во прекуграничната област;
- Договор меѓу Владите на Република Македонија и на Република Франција во областа на внатрешната безбедност;

[30] Одлука објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001.

[31] Национална програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија „Службен Весник на Република Македонија" број 10/2002.

[32] Со измените и дополнувањата на Кривичниот законик во 2004 година е воведен нов член 418-а (трговија со луѓе) и 418-б (криумчарење на мигранти).

[33] *Кривичниот закон на Република Македонија* ("Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 90/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 60/2006, 73/2006 и 7/2008); *Законот за надзор на државната граница* ("Службен весник на Република Македонија" број 9/2006 и 18/2007); *Законот за странците* ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2006); *Законот за вработување и работа на странци* со кој, исто така, се предвидуваат санкции против незаконито вработување на странци во Република Македонија.

- Договор меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација за полициска соработка во борбата против криминалот;

- Спогодба за соработка меѓу министерствата за внатрешни работи на Република Македонија и на Украина;

- Конвенција за полициска соработка меѓу земјите на Југоисточна Европа и

- Конвенција на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе.

Во 2007 година е донесен Законот за ратификација на договорот за реадмисија со европската заедница кој влезе во сила на 1 јануари 2008 година.[34] Од соседните држави кои не се членки на Европската унија, во 2005 година Република Македонија има склучено договор за реадмисија со Албанија, а иницирана е постапка на усогласување е нацрт текстот на Договорот за реадмисија со Србија.

Согласно со договорите за реадмисија Република Македонија има преземено:

- Во 2006 година 133 лица од СР Германија, 77 од Швајцарија, а од други држави на Европската унија се депортирани 184 лица;

- Во 2007 година се преземени вкупно 528 лица и

- Од 1 јануари 2008 до 30 септември 2008 година вкупно биле вратени 508 лица.

Во областа на илегалната миграција Република Македонија има постигнато голем прогрес. Управувањето на овие миграциони движења е регулирано со хармонизирање на законодавството со правните текови на Европската унија, ефикасни и транспарентни процедури и развиена меѓународна соработка во оваа област. Успешната имплементација на интегрираното гранично управување има за резултат значително намалување на бројот на илегалните мигранти. Идните мерки и активности кои Министерството за внатрешни работи планира да ги преземе заради поголема ефикасност во борбата против илегалната миграција, трговијата со луѓе, криумчарењето на мигранти и другите форми на прекуграничен криминал се однесуваат на повеќе области: техничко и софтверско доопремување на субјектите вклучени во интегрираното гранично управување; имплементација на инструментот “анализа на ризик”; продлабочување на меѓународната соработка; склучување на нови договори за реадмисија.

### 4. Заедничка политика за миграциите и азилот на Европската унија

Меѓународните миграции континуирано се наоѓаат во средиштето на политичкиот интерес како во Европа, така и во целиот свет. Огромниот пораст на обемот на миграцијата, како и промените во видовите на овие движења и структурните белези на мигрантите, неспорно ја имплицираат потребата за интензивирање на активноста на сите земји и меѓународни организации, потоа засилена билатерална и регионална соработка, како и ефикасно управување со миграциите и концепирање на соодветни миграциони политики.

Големите промени во геополитичката ситуација и економскиот развој во Европа отворија нови миграциони патишта (земјите од средна и источна Европа од земји на потекло и транзит станаа земји на прием), а меѓународните миграции забележаа значителни квантитативни и квалитативни промени. Овие околности, како и проширувањето на Европската унија сериозно го наметнаа прашањето на управувањето на миграциите и конципирањето на заедничка миграциона политика на земјите членки на Унијата. Во последната деценија евидентни се напорите и напредокот при градењето на заедничката миграциона политика и политиката на унапредување.

Со Амстердамскиот договор од 1 октомври 1999 година (со кој Шенген правилата за подрачјето на правосудството и внатрешните работи беа воведени во acquis на Европската унија), утврдени се темелите за изградба на заедничкиот простор на „правда, слобода и безбедност“, чија цел е натамошно уредување на слободното движење на луѓето. Истата година во Тампере Советот на Европа ги постави елементите на стратегијата за спроведување на одредбите на заедничката миграциска политика и политиката на азилот. Оваа стратегија се изразува низ:

- Партнерство меѓу државите на Европската унија, државите на потекло на мигрантите и на оние преку кои поминуваат миграциските текови. Тоа имплицира посеопфатен пристап на феноменот на миграциите на политичко ниво, потоа во однос на почитувањето на човековите права, како и усогласување на заедничката внатрешна и надворешна миграциска политика на земјите членки на ЕУ;

- Мерки за воспоставување на заеднички европски систем за азилот, со кои јасно би се определиле државите кои се одговорни за спроведување на постапката за признавање на азилот, заедничките стандарди за ефикасна и праведна постапка за азилот (со минимални услови за прифаќање на барателите на азилот) и усогласувањето на нормативните правила за признавање на статусот на бегалците;

- Мерки за обезбедување на праведен третман на државјаните на трети земји кои законски престојуваат на територијата на земјите членки на Европската унија, првенствено преку поодлучна интеграциска политика и недискримирање во пристапот на економските, социјалните и културните права, како и борбата против сите облици на дискриминација, ксенофобија и расизам;

- Изразување на потребата, покрај приемот на лица од хуманитарни причини, причини по Женевската конвенција и обединување на семејствата, исто така да се овозможи законски прием и престој на економски мигранти во контекст на новите економски и демографски показатели, како и да се спроведе усогласување на законодавството во таа област и

- Ефикасно управување со миграциските текови, преку соработка со државите на потекло и транзит, борбата против незаконските миграции, трговијата со луѓето и кримчарењето на мигранти, развојот на визната политика, политиката на враќање на странците, воспоставување на правосудна и полициска соработка, давање на меѓусебна техничка помош на граничните служби, јакнење на улогата на Еуропол.

Во првата половина на 2004 година институциите на Европската унија ги оценија постигнатите резултати од петгодишната примена на заклучоците од Тампере во однос на заедничката миграционата политика. Европскиот парламент и Европската комисија оценија дека при поставувањето на идните цели приоритет треба да се даде на интеграцијата на законските мигранти, бидејќи огромниот пораст на трговијата со луѓе и незаконските миграции тесно е поврзан со непостоењето на законски основи кои на мигрантите би им овозможиле влез на европскиот пазар на труд. Оттаму, борбата против незаконските миграции и тероризмот се издвојува како приоритет, поради тоа што претставува најголема препрека за создавање заеднички простор на "слобода, сигурност и правда". Истата година Советот на министри на Европската унија ја прифати Директивата за заедничка дефиниција на бегалецот или лицето кое на друг начин бара меѓународна заштита, како и правата и погодностите поврзани со овие статуси (т.н. Qualification Directive).

[34] Конвенција за полициска соработка во Југоисточна Европа (“Службен весник на Република Македонија“ број 74 /2007); Договор за реадмисија со Европската заедница (“Службен весник на Република Македонија“ број 141/2007).

Кон крајот на 2004 година Советот на Европа ја усвои т.н. Хашка програма за периодот 2005-2010 година, со цел за јакнење на слободата, сигурноста и правдата во Европската унија и надоградба на Тампере програмата. Таа има за цел натамошно јакнење на заедничката способност на Европската унија и нејзините земји членки во однос на: почитувањето на темелните човекови права, заштитата на бегалците, уредувањето на миграционите текови, контролата на надворешните граници, сузбивањето на прекуграничниот криминал, намалувањето на опасноста од тероризам. Со тоа во миграционата политика покрај причините за миграциите се вклучуваат и политиката на влез и прием на мигрантите, како и интеграцијата и доброволното или присилното враќање, со обврска за координирање со другите политики (развојната политика, надворешната политика и друго). Значаен сегмент на програмата претставуваат законските миграции и потребите на пазарот на трудот, вклучително и потребите за воспоставување партнерски односи со трети држави и подрачјата на транзит. Во таа смисла, се наведува дека политиката на Европската унија треба да има за цел помагање на трети земји[35] во нивните напори за унапредување на институциите за управување со миграциите и заштита на бегалците, како и за спречување и борба против незаконските миграции. Целите на заедничкиот европски систем на азилот, пак, во својата втора фаза се однесуваат на воспоставување на заедничка постапка за добивање азил и еднаков статус за сите на кои им е одобрен азил или супсидијарна заштита. Со укинувањето на внатрешните граници во Европската унија, се потенцира потребата од јакнење на контролата и надзорот на надворешните граници и постепено воведување на т.н. интегрирано гранично управување со надворешните граници на Европската унија. Создавањето на заедничката политика на визи има за цел олеснување на легитимното патување, со истовремено спречување на незаконските миграции, како и спречување на трговијата со визи (т.н. viza shopping).

Во декември 2005 година е усвоена Директивата за минималните стандарди за постапките на доделување и одземање на бегалскиот статус во државите членки. Оваа директива, заедно со другите претходно усвоени нормативни инструменти за азилот, гарантираат минимално ниво на заштита, праведност и квалитет на спроведување на постапката кон лицата кои бараат меѓународна заштита во сите земји членки. Европската унија предвидува издвојување на финансиски средства за новите земји членки за воспоставување на контролата на надворешните граници и борбата против незаконската миграција. Во заклучоците на Советот на Европа, под наслов "Глобален пристап на миграциите", се истакнува потребата за порамномерен, глобален и кохерентен пристап кон миграциите, преку политиката за сузбивање на незаконските миграции, и во соработка со трети земји, промовирање на користа од законските миграции.

Од аспект на заедничката политика на земјите членки на Европската унија во областа на меѓународните миграции посебно внимание заслужува Европскиот пакт за миграциите и азилот усвоен од шефовите на држави и влади на Европската унија на 16 октомври 2008 година. Станува збор за политички документ кој содржи сет на цели и стратешки насоки за развој на европските политики за имиграција и азил. Европскиот пакт за миграциите и азилот ги обврзува земјите членки во пет клучни области:

- Да ја организираат легалната имиграција водејќи сметка за приоритетите, потребите и можностите за прием на секоја земја членка, и да ја поттикнуваат интеграцијата;
- Да ја контролираат илегалната имиграција обезбедувајќи враќање на илегалните мигранти во земјите на потекло или земјите на транзит;
- Да обезбедат поефикасна контрола на границите;
- Да придонесат во креирањето на европскиот систем на азил и
- Да воспостават сеопфатно партнерство со земјите на потекло и транзит за да се поттикне синергијата/балансот меѓу миграциите и развојот.

Имплементацијата на пактот предвидува активна вклученост на највисоките институции на Европската унија (Европскиот парламент, Советот на Европа, Европската комисија), како и на секоја земја членка одделно. Согласно со овој документ Советот на Европа секоја година ќе организира расправа за политиките на имигрција и азил, врз база на презентираните извештаи за имплементацијата на пактот. Земјите членки ќе го информираат Советот на Европа за најзначајните промени во врска со политиките на имигрцијата и азилот.

## 5. Миграциона политика на Република Македонија

### 5.1. Насоки и цели

Основна цел на миграционата политика на Република Македонија е креирање на сеопфатен и конзистентен пристап за ефикасно управување на миграционите процеси во областа на легалните, присилните и илегалните меѓународни миграции.

Со оглед на обемот, динамиката и видовите на миграционите движења, како и комплексноста на прашањето на миграциите од аспект на нивната причинско-последична поврзаност со социо-економскиот и демографскиот развој, миграционата политика на Република Македонија има за цел создавање на единствен пристап во оваа област во насока на:

- Ефикасно и транспарентно управување со легалната миграција согласно со националниот развој, посебно економскиот растеж и демографскиот развој;
- Почитување на човековите права, согласно со националното и меѓународното законодавство и склучените договори во областа на присилните миграции и
- Јасни и ефективни процедури насочени кон спречување на илегалните преминувања на границата, прекуграничниот криминал, трговијата со луѓе и кријумчарењето на мигранти.

За ефикасна имплементација на миграционата политика на Република Македонија, неопходно е:

- Континуирано усогласување на визната политика (визниот режим) со законодавството на Европската унија;
- Користење на природните процеси на легалните миграции како дел од севкупниот економски и социјален развој со цел да се прошири слободната економска иницијатива и слободните текови на капитал, идеи и луѓе во Југоисточна Европа и пошироко;
- Креирање на конзистентна политика кон дијаспората, односно фокусирање на вниманието на дијаспората во рамките на миграциите и развојот и користење на нејзините развојни потенцијали за напредокот на земјата;
- Развој на современа миграциона политика, односно регулирање на имиграцијата согласно со развојната стратегија на земјата и потребите на пазарот на трудот;
- Интеграција на странците во Република Македонија и нивна целосна социо-економска кохезија;

[35] Политиката кон трети земји, посебно е уредена со стратешкиот документ за соработка со трети земји во областа на миграциите и азилот во периодот 2007-2010 година, усвоен на 25 септември 2007 година.

- Ефикасно интегрирано гранично управување во борбата против илегалната миграција, трговијата со луѓе и криумчарењето со мигранти;

- Континуирано прилагодување на националното законодавство и процедурите во областа на миграциите согласно со промените во законодавството на Европската унија и меѓународните стандарди, како и усвоената миграциона политика на Република Македонија;

- Поврзување на сите релевантни институции и организации во земјата по прашањето на миграциите, на начин кој ќе овозможи оптимална комуникација и соработка, вклучително востановување на заеднички анализи и следење на актуелните состојби и

- Континуирано унапредување на соработката со други земји, меѓународни организации, невладини организации и други релевантни фактори во областа на миграциите.

5.2. Мерки и активности

За исполнување на целите на миграционата политика на Република Македонија, се предвидуваат мерки и активности коишто ќе овозможат ефикасна и координирана имплементација на оваа политика.

Во областа на визниот режим, се предвидуваат следниве активности и/или мерки:

- Натамошно усогласување на издавањето на визите и законодавството со acquis communautaire во областа на визниот режим

Главна одговорна институција: Министерство за надворешни работи

Институции учесници: Министерство за внатрешни работи;

- Континуирано јакнење на институционалниот капацитет во областа на визниот режим

Главна одговорна институција: Министерство за надворешни работи и

- Натамошно унапредување на националниот визен ИТ систем

Главна одговорна институција: Министерство за надворешни работи

Институции учесници: Министерство за внатрешни работи.

Во областа на политиката кон дијаспората, се предвидуваат следниве активности и/или мерки:

- Воспоставување, одржување и развој на административен регистар на населението во Република Македонија

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи;

Министерство за правда

Институции учесници: Државен завод за статистика;

- Воведување на целосно автоматизирана витална, односно матична евиденција на граѓаните (книги на родени, венчани и умрени)

Главна одговорна институција: Министерство за правда

Институции учесници: Министерство за внатрешни работи и Државен завод за статистика;

- Мерки за доследна примена на законската обврска за одјава/пријава на македонските државјани при заминување/враќање од странство

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи

Институции учесници: Министерство за надворешни работи и Државен завод за статистика;

- Мапирање на дијаспората и креирање на база на податоци за одделни категории на мигранти (научни работници, уметници и друго) каде што емигрантите доброволно би се регистрирале

Главна одговорна институција: Министерство за надворешни работи

Институции учесници: Агенција за иселеништво

- Поддршка на привремената емиграција и циркулацијата на работната сила, вклучително и на високообразованите кадри

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Министерство за надворешни работи;

- Мерки за олеснување на враќањето на граѓаните коишто регуларно престојуваат во странство

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Министерство за надворешни работи;

- Воспоставување на виртуелни програми за враќање преку електронски комуникации (инструктивни се експертизите на IOM и UNDP во оваа област - Transfer of Knowledge through expatriate Nationals scheme - TOKTEN)

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Министерство за надворешни работи и Министерство за економија и

- Креирање на политика за намалување на интелектуалната емиграција (brain drain), за враќање на високообразовани лица од странство („brain gain"), како и ублажување на неповолните импликации од интелектуалната емиграција

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Министерство за надворешни работи и Министерство за економија.

Во областа на престојот и вработувањето на странците, како и нивната интеграција, се предвидуваат следнитве активности и/или мерки:

- Следење и хармонизација на националното законодавство во областа на престојот, вработувањето и интеграцијата на странците со законодавството на Европската унија

Главни одговорни институјии: Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика;

- Воспоставување и развој на нова централна база на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите (софтвер и хардвер)

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи

Институции учесници: Министерство за надворешни работи,

Министерство за труд и социјална политика;

- Континуирано унапредување на постапката за вработување на странци - високообразовани кадри и имигранти со финансиски капитал

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Агенција за вработување;

- Унапредување на постапката за утврдување на статус на лице без државјанство

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи и

- Натамошно јакнење на институционалните капацитети во областа на престојот на областа на странците, нивното вработување и интеграција, како и остварување на континуирана обука на човечките ресурси

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика

Институција учесник: Агенција за вработување.

Во областа на азилот, се предвидуваат следниве активности и/или мерки:

- Следење и хармонизација на националното законодавство согласно со промените во областа на азилот со законодавството на Европската унија

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика;

- Континуирано унапредување на постапката за издавање на идентификациони документи за лицата кои побаруваат заштита од Република Македонија

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи;

- Владата на Република Македонија да ја утврди листата на безбедна земја на потекло

Главна одговорна институција: Влада на Република Македонија, Министесрство за внатрешни работи и Министерство за надворешни работи и

- Јакнење на институционалните капацитети во областа на азилот

Главна одговорна институција: Министерството за внатрешни работи

Институции учесници: Министерство за труд и социјална политика.

Во областа на интеграцијата на странците, се предвидуваат следниве активности и/или мерки:

- Формирање на специјализирана институција за имплементација на интеграционите активности - Центар за интеграција

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Министерство за финансии, Заедница на единиците на локалната самоуправа и невладини организации и

- Програми за поттикнување на дијалогот меѓу имигрантите и домицилното население, во насока на надминување на проблемите на ксенофобија и дискриминација

Главна одговорна институција: Министерство за труд и социјална политика

Институции учесници: Заедница на единиците на локалната самоуправа, невладини организации и медиумите.

Во областа на илегалната миграција, се предвидуваат следниве активности и/или мерки:

- Континуирана обука на персоналот и јакнење на капацитетите на Министерството за внатрешни работи во областа на граничната полиција

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи;

- Техничко и софтверско доопремување на субјектите вклучени во интегрираното гранично управување

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи;

- Имплементација на инструментот ,,анализа на ризик,, во областа на илегалната миграција

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи;

- Продлабочување на меѓународната соработка во областа на размената на информации и учество во регионалните системи за рано предупредување

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи и

- Склучување на договори за реадмисија со државите со кои вакви договори сé уште не се потпишани

Главна одговорна институција: Министерство за внатрешни работи

Институција учесник: Министерство за внатрешни работи.

Заклучок

Република Македонија се залага за ефикасно управување со миграционите процеси и гради активна и конзистентна миграциона политика, водејќи сметка за националниот, општествениот, економскиот и културниот развој на земјата. Станува збор за политика која се базира на начелата на почитување и заштита на човековите права и слободи, солидарност, долгорочна макроекономска корист и историска одговорност. Залагајќи се за користење на предностите на легалните миграциони движења, во насока на проширување на слободната економска иницијатива и слободните текови на капитал, со политиката на легалните и слободни миграции, Република Македонија ќе создава претпоставки за намалување на интензитетот на емиграцијата и искористување на нејзините големи развојни потенцијали со унапредување на ефикасен систем на издавање на работни дозволи и одржување транспарентна рамка за стекнување на македонско државјанство. Притоа, на странците кои престојуваат во земјата ќе им гарантира почитување на темелните човекови слободи и права, ќе им овозможи да останат привремено или постојано и да се интегрираат во македонското општество, вклучително и да побараат азил.

Република Македонија ќе води современа миграциона политика, регулирајќи ја имиграцијата согласно со развојната стратегија на земјата, на тој начин што:

- ќе ги усогласува доселувањата со потребниот прилив во работоспособно и активно население,

- ќе утврдува годишни квоти за вработување на странци согласно со потребите на пазарот на трудот,

- ќе го поттикнува враќањето на иселениците и граѓаните на Република Македонија коишто престојуваат во странство,

- ќе го олеснува доселувањето на членовите на семејствата на македонските државјани,

- доследно ќе ја почитува Женевската конвенција за статусот на бегалците, како и мерките на ЕУ од областа на азилот,

- ефикасно ќе се бори против илегалната миграција, првенствено преку натамошно унапредување на системот на интегрирано гранично управување и

- континуирано ќе ги зајакнува инситуционалните капацитети и човечките ресурси во надлежните институции во областа на миграциите.

Република Македонија и понатаму ќе го прилагодува националното законодавство и процедурите во областа на миграциите согласно со промените во законодавството на Европската унија и меѓународните стандарди. Притоа, посебно внимание ќе посвети на регулативата која се однесува на интеграцијата на странците во македонското општество, спречувањето на ксенофобијата, дискриминацијата и маргинализацијата. Во таа смисла, посебно ќе се залага за конципирање и реализација на програми за поттикнување на дијалогот меѓу имигрантите и домицилното население.

Во насока на успешна реализација на миграционата политика ќе биде неопходно натамошно јакнење на институционалните капацитети, вклучително и на човечките ресурси, како и нивно материјално- техничко доопремување. Имајќи ја предвид нејзината комплексност, за успешна реализација на предвидените активности потребно е координирање на меѓусебната соработка на надлежните органи и институции, како и допрецизирање на надлежностите на веќе формираните тела и групи во областа на миграционите текови во државата и интеграцијата на странците. Согласно процесот на децентрализација, неопходно ќе биде да се утврдат одделни активности на локално ниво, особено при спроведувањето на мерките за доселувањата и интеграција на странците во локалните заедници.

Определените носители за спроведување на одделни мерки и активности, во рок од шест месеци по усвојувањето на миграционата политика во Собранието на Република Македонија, ќе подготват акциони планови со кои детално ќе се утврдат сите неопходни чекори за ефикасно спроведување на мерките и активностите утврдени со миграционата политика. Истовремено, носителите надлежни за спроведување на мерките и активностите на миграционата политика се должни да ги предвидат и потребните финансиски средства за нивна реализација.

Миграционата политика на Република Македонија, која се однесува на периодот 2009-2014 година, е документ чија имплементација континуирано ќе се следи и ќе се оценуваат ефектите од преземените мерки и активности. Со оглед на карактерот на оваа проблематика, тој останува отворен документ за евентуални дополнувања и промени на мерките и активностите заради нејзина доследна реализација.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-298/1
15 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собрание на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

### ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**140.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - КУМАНОВО

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Куманово се разрешуваат:
- Зение Ебиби,
- Зулкефли Мурати.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Куманово се именуваат:
- Ридван Асани,
- Шабан Зендели.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33–6877/1
18 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**141.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - КИЧЕВО

1. Се разрешува Фатмире Идризи од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Кичево.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Кичево се именува
- Бурим Сула

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33–6878/1
18 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**142.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - ДЕБАР

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Дебар се разрешуваат:
- Ментор Мела,
- Саније Абдулаи.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Дебар се именуваат:
- Или Мирзо,
- Шуип Марку.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33–6879/1
18 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**143.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА - СТРУГА

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга се разрешуваат:
- Љуљзиме Зуљати,
- Муамет Хиса.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Струга се именуваат:
- Нашир Кица,
- Везир Лога.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33–6881/1 Заменик на претседателот
18 декември 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**144.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР-ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА И ОРТОПЕДИЈА „СВ. ЕРАЗМО“ - ОХРИД**

1. Се разрешува Идриз Истрефи од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за трауматологија и ортопедија „Св. Еразмо“ – Охрид.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за трауматологија и ортопедија „Св. Еразмо“ – Охрид се именува

- Муштеба Амети

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33–6882/1 Заменик на претседателот
18 декември 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**145.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
(В) нема средства за издржување како за периодот на престојот така и за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава во која е сигурно дека ќе биде прифатен или не е во можност законски да се стекне со тие средства
s/he does not possess sufficient subsistence means for the period of stay or return to the country from which s/he arrives or his/her journey to a third country in which his/her admission shall be assured or is unable to obtain such means in a legal way

(Г) не приложи документи што ја оправдуваат целта и околностите на предвидениот престој во Република Македонија и документи за патничко осигурување
s/he has no appropriate documentation justifying the purpose and circumstances of intended stay in the Republic of Macedonia and documentation for travel insurance

(Д) протеран е од Република Македонија и за кого има важечка забрана за влез
s/he has been expelled from the Republic of Macedonia and is pronounced an entry ban

(Ѓ) преставува опасност за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на Република Македонија
s/he presents a threat to the public order, national security, public health or the international relations of the Republic of Macedonia

(Е) не поседува одобрение од родителите, односно старателот за влез и престој во Република Македонија, доколку е малолетник
s/he does not possess a consent from his/her parents or the guardian to enter and stay in the Republic of Macedonia in case of a minor person

(Ж) постојат сериозни сомневања дека неговиот престој во државата ќе биде поврзан со извршување на терористички или други насилни дејствија, кривични дела поврзани со производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или извршување на други кривични дела за кои е предвидена казна од најмалку една година
there is serious suspicion that his/her stay in the country will be connected with terrorist or other violent activities, crimes related to production and release of narcotic drugs, psychotropic substances and precursors or other criminal acts which are punishable by minimum of one year of imprisonment.

(З) има намера да помине преку територијата на Република Македонија, а не ги исполнува условите за влез во трета држава

s/he has an intention to pass through the territory of the Republic of Macedonia, however, does not fulfill the conditions for entry into a third country

(Ѕ) не ги намирил финансиските трошоци кои настанале со негово претходно привремено задржување и присилно отстранување

s/he has not met his/her financial obligations arising from his/her prior temporary detention and deportation

(И) постојат основи за сомневање дека ќе се вработи или ќе работи на територијата на Република Македонија спротивно на прописите за работните односи

there is a grounded suspicion that s/he is to be employed or work on the territory of the Republic of Macedonia contrary to work regulations

(Ј) постојат основи на сомневање дека странецот нема да престојува во Република Македонија за наведената цел

there is a grounded suspicion that s/he is has no intention to stay in the Republic of Macedonia for the purpose indicated

(К) дава неточни податоци за себе или за целта и околностите на патувањето и престојот

s/he supplies incorrect data for him/herself or the purpose and circumstances of his/her travel or stay

(Л) се послужил со фалсификувани, туѓи или неважечки патни или други исправи

s/he uses false, another person's or invalid travel or other identification documents.

(љ) веќе престојувал три месеца во текот на шестмесечниот период

s/he resided threes month during period of six month

Забелешки

Comments

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО

PRECEPT

Против наведеното решение може да се поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението.

Against the above decision it is allowed to make a complaint to be lodged within 8 (eight) days as from the date of the receipt of the decision.

Жалбата се поднесува до Владата на Република Македонија, Комисија за решавање управни работи во втор степен од областа на одбраната, внатрешните работи, правосудство и управа, преку органот кој го донел решението.

The complaint is lodged with the Government of the Republic of Macedonia, the Commission for Administrative Matters of Second Instance in the field of defense, internal affairs, justice and administration through the decision-making authority

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

The complaint does not have a suspension effect on the decision.

Потпис на лицето на кое му е одбиен влез
Signature of the person

____________________________________

М.П.
L.S.

Потпис на службено лице
Signature of authorized official

______________________________

Да се врачи еден примерок на именуваниот
A copy of this document is to be given to the person concerned

**Образец бр. 13-а**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**THE REPUBLIC OF MACEDONIA**
**MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

Орг. единица___________________________
Organizational unit
Број___________________________________
Number
Место и датум_________________________
Place and date

Врз основа на член 108 од Законот за странците ставови 3 и 4 ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/2006, 66/2007 и 117/2008) Министерството за внатрешни работи _________________________________на ден ________________ година донесе
(назив на организационата единица)

Pursuant to Article 103 paragraphs 3 and 4 of the Law on Aliens ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" nr.35/2006, 66/2007 and 117/2008) the Ministry of Internal Affairs ___________________________ on ________________ brought the following: (competent organizational unit)

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРИВРЕМЕНО ЗАДРЖУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ВО ПРИФАТЕН ЦЕНТАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**DECISION FOR TEMPORARY DETENCION OF THE ALIEN IN DETENCION CENTER IN THE MINISTRY OF INTERNAL AFFAIRS**

ПРИВРЕМЕНО СЕ ЗАДРЖУВА во Прифатен центар лицето:
The following person is temporary detained in Detencion center
Презиме____________________________ Име______________________________________________________
Surname Name
од татко___________________________ мајка ____________________________________________________
father mother
Дата на раѓање_____________________________________Место на раѓање________________Пол_________
Date of birth Place of birth Sex
Државјанство_______________________________________
Nationality
Вид на документ за идентификација_________________________________________ број_______________
Type of identification document number
Издаден во_____________________________ на______________________________________________________
Issued at on
Со рок на важност до_____________________________.
Valid until

ПРАВЕН ОСНОВ за привремено задржување на лицето_____________________________________________
LEGAL GROUNDS for expulsion of the person

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**JUSTIFICATION**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_____________________________________________________________________.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО

PRECEPT

Против наведеното решение може да се поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението.

Against the above decision it is allowed to make a complaint to be lodged within 8 (eight) days as from the date of the receipt of the decision.

Жалбата се поднесува до Владата на Република Македонија, Комисија за решавање управни работи во втор степен од областа на одбраната, внатрешните работи, правосудство и управа, преку органот кој го донел решението.

The complaint is lodged with the Government of the Republic of Macedonia, the Commission for Administrative Matters of Second Instance in the field of defense, internal affairs, justice and administration through the decision-making authority

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

The complaint does not have a suspension effect on the decision, except in the case of Article 103 paragraph 8 of the Law on Aliens.

М.П. ______________________________

L.S. Потпис на службено лице

Signature of authorized official

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**172.**

Врз основа на член 2 став 4 од Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2008), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОТПИШУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИ НЕПЛАТЕНИ КАМАТИ ПО ОСНОВ НА ОБВРСКИ ЗА ЈАВНИ ДАВАЧКИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на образецот на барањето за отпишување на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки и потребната документација.

Член 2

Барањето за отпишување на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки се поднесува до Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи, според седиштето / живеалиштето на даночниот обврзник, на образец БОК - Барање за отпис на пресметани неплатени камати по основ на обврските за јавни давачки кои доспеале за плаќање до 31.12.2008 година, кое е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот БОК содржи податоци за: подносителот на барањето, видот на јавните давачки, спецификација на долгот во која се наведуваат даночните периоди за кои се однесува даночниот долг по поделните видови на јавни давачки, основицата (даночниот долг) на кој се пресметува камата, пресметаната камата заклучно со 31.12.2008 година и се наведуваат прилозите кои се доставуваат заедно со барањето, напомена, датум на поднесување со потпис на барателот и датум на обработка со потпис на обработувачот.

Член 4

Кон барањето се поднесува следната документација:

1) Спецификација за поодделните видови на даноци според троцифрените нумерации за кои постои различен период на доспеаност,

2) Копија на решенијата издадени од соодветниот орган, и

3) Копија на даночните пријави составени за соодветниот даночен период.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-49875/2-08
8 јануари 2009 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

**БОК**

| | |
|---|---|
| Република Македонија<br>Министерство за финансии<br>УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | **пополнува Управата за јавни приходи**<br>**Датум ________**<br>**Број ________** |

Врз основа на член 2 став 4 од Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување (Службен весник на РМ бр. 159/2008) до Министерството за финансии Управа за јавни приходи-Регионална дирекција__________/Дирекција за големи даночни обврзници Скопје, поднесувам

**Б А Р А Њ Е**
**за отпис на пресметаните неплатени камати**
**по основ на обврските за јавни давачки кои доспеале за плаќање**
**до 31 декември 2008 година**

| **I. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:** | |
|---|---|
| 1.Скратен назив/име и презиме на обврзникот | |
| 2.ЕДБ/ЕМБГ на обврзникот | |
| 3.Матичен број на правното лице | |
| 4.Адреса на вистинско седиште/живеалиште | ________________ ______<br>улица број<br>________________ ______<br>општина место<br>____________<br>телефон |

| **II. ВИД НА ЈАВНА ДАВАЧКА** | **Основица** | **Камата** |
|---|---|---|
| **1.Персонален данок на доход** | | |
| **2. Данок на добивка** | | |
| **3. Данок на додадена вредност** | | |
| **4. Даноци на имот** | | |
| **5. Придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување** | | |
| **В К У П Н О:** | | |

| **III. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ДОЛГОТ** | |
|---|---|

| **1.Персонален данок на доход** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О П И С | | **даночен период** | **основица (даночен долг)** | **пресметана камата** |
| 1.1 | Обврски на исплатувачот на приходите | | | |
| 1.1.1<br>1.1.2<br>1.1.3<br>1.1.4<br><br>1.1.5<br>1.1.6<br><br>1.1.7 | Лични примања<br>Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост<br>Приходи од капитал<br>Приходи од имот и имотни права кога исплатувачот на приходите води деловни книги<br>Добивки од игри на среќа и други наградни игри<br>Други приходи за кои данокот на доход не се утврдува со решение на органот за јавни приходи<br>Персонален данок на доход утврден со решенија на органот за јавни приходи | | | |
| 1.2 | Обврски на физичкото лице остварувач на приходите | | | |
| 1.2.1<br>1.2.2<br>1.2.3<br><br>1.2.4<br><br>1.2.5<br><br>1.2.6<br>1.2.7<br>1.2.8<br><br>1.2.9 | Приходи од лични примања<br>Приходи од земјоделска дејност остварени на вистинскиот приход<br>Приходи од самостојно вршење на дејност на трговци поединци /занаетчии/ лица кои вршат услуги или слободни занимања<br>Приходи од имот и имотни права остварени од договори со физички лица кои не водат деловни книги<br>Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост од физички лица кои не водат деловни книги<br>Приходи од капитал<br>Приходи од остварени капитални добивки<br>Други приходи остварени од физички лица кои не водат деловни книги<br>Персонален данок на доход утврден со решение на органот за јавни приходи | | | |
| | Вкупно 1: | | | |

| **2. Данок на добивка** | | | |
|---|---|---|---|
| О П И С | **даночен период** | **основица (даночен долг)** | **пресметана камата** |
| 2.1.1 Данок на добивка утврден во даночен биланс<br>2.1.2 Данок на добивка утврден во консолидиран даночен биланс<br>2.1.3 Данок на добивка утврден со решение на органот за јавни приходи | | | |
| Вкупно 2: | | | |

| **3. Данок на додадена вредност** | | | |
|---|---|---|---|
| О П И С | **даночен период** | **основица (даночен долг)** | **пресметана камата** |
| 3.1.1 ДДВ по даночна пријава | | | |
| 3.1.2 ДДВ утврден со решение на органот за јавни приходи | | | |
| Вкупно 3: | | | |

| **4. Даноци на имот** | | | |
|---|---|---|---|
| О П И С | **даночен период** | **основица (даночен долг)** | **пресметана камата** |
| 4.1.1 Данок на имот<br>4.1.2 Данок на наследство и подарок<br>4.1.3 Данок на промет на недвижности и права | | | |
| Вкупно 4: | | | |

| **5. Придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување** | | | |
|---|---|---|---|
| О П И С | **даночен период** | **основица (даночен долг)** | **пресметана камата** |
| 5.1.1 Придонес од работен однос<br>5.1.2 Придонес на физички лица што вршат дејност<br>5.1.3 Придонес за физички лица обврзници на данок од приход од вршење на земјоделска дејност | | | |
| Вкупно 5: | | | |

Забелешка:
Доколку во рамките на видот на остварениот приход (точки 1.1.1 до 5.1.3), постојат различни даночни основици со различен датум на доспевање за наплата, во прилог на овој образец се доставува СПЕЦИФИКАЦИЈА за секоја од горенаведените точки

**IV. Прилози:**
**1)**
**2)**
**3)**
**4)**
**5)**
**6)**

**V. Напомена:**

Датум на поднесување ________________
Потпис на барателот М.П. ________________

Датум на обработка _________
Потпис на обработувачот _________

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**I. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:**

**Скратен назив /име и презиме** на обврзникот-обврзниците физички лица кои вршат регистрирана дејност и правни лица го наведуваат називот на фирмата, а обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност го наведуваат своето име и презиме.

**ЕДБ/ЕМБГ на обврзникот** - обврзниците физички лица кои вршат регистрирана дејност и правни лица го наведуваат Единствениот даночен број, а обврзниците-физички лица кои не вршат регистрирана дејност го наведуваат Единствениот матичен број на граѓанинот.

**Матичен број** – се наведува матичниот број на правното лице

**Адреса на вистинско седиште** -се наведува полната адреса на вистинското седиште, односно, живеалиштето.

**II. ВИД НА ЈАВНА ДАВАЧКА**

Се наведуваат податоците за вкупната основица и пресметаната камата, според видот на јавната давачка

**III. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ДОЛГОТ**

Се пополнуваат полињата за оној вид на јавна давачка за која обврзникот поднесува барање за отпис на камата.

Доколку се бара отпис на камати за повеќе видови на јавни давачки за кои денот на доспевање за плаќање на основиците е различен, истите се наведуваат во СПЕЦИФИКАЦИЈА, која се приложува кон овој образец.

**1. Персонален данок на доход**

**Полињата кои што следат во одделот 1.1 Обврски на исплатувачот на приходите** ги пополнува исплатувачот: правното лице, односно физичкото лице вршител на дејност за своите вработени.

**Полињата кои што следат во одделот 1.2 Обврски на физичкото лице остварувач на приходите** ги пополнува даночниот обврзник-физичко лице (самото за себе).

**Се врши пополнување на соодветните полиња за видот на примањата** (даночен период, основица и пресметана камата) за кој обврзникот бара отпис на камата согласно описите кон троцифрените нумерации. Во полето **даночен период** се наведува даночниот период за кој се однесува даночниот долг по основ на персоналниот данок на доход. Во полето **основица (даночен долг)** се наведува износот на даночниот долг по основ на персоналниот данок за соодветниот даночен период. Во полето **пресметана камата** се наведува износот на пресметаната камата заклучно со 31.12.2008 година.

**2. Данок на добивка**

**Се врши пополнување на соодветните полиња за видот на примањата** (даночен период, основица и пресметана камата) за кој обврзникот бара отпис на камата согласно описите кон троцифрените нумерации. Во полето **даночен период** се наведува даночниот период за кој се однесува даночниот долг по основ на данокот на добивка. Во полето **основица (даночен долг)** се наведува износот на даночниот долг по основ на данокот на добивка за соодветниот даночен период. Во полето **пресметана камата** се наведува износот на пресметана камата заклучно со 31.12.2008 година.

***Забелешка:*** *Не се врши отпис на долгуваните камати по аконтативните (пресметковни) пријави бидејќи основниот долг по истиот престанува да постои на 28/29 февруари наредната година.*

**3. Данок на додадена вредност**

**Се врши пополнување на соодветните полиња за видот на примањата** (даночен период, основица и пресметана камата) за кој обврзникот бара отпис на камата согласно описите кон троцифрените нумерации. Во полето **даночен период** се наведува даночниот период за кој се однесува даночниот долг по основ на данокот на додадена вредност. Во полето **основица (даночен долг)** се наведува износот на даночниот долг по основ на данокот на додадена вредност за соодветниот даночен период. Во полето **пресметана камата** се наведува износот на пресметана камата заклучно со 31.12.2008 година.

**4. Даноци на имот**

**Се врши пополнување на соодветните полиња за видот на примањата** (даночен период, основица и пресметана камата) за кој обврзникот бара отпис на камата согласно описите кон троцифрените нумерации. Во полето **даночен период** се наведува даночниот период за кој се однесува даночниот долг по основ на данокот на имот. Во полето **основица (даночен долг)** се наведува износот на даночниот долг по основ на данокот на имот за соодветниот даночен период. Во полето **пресметана камата** се наведува износот на пресметана камата заклучно со 31.12.2008 година.

**5. Придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување**

**Се врши пополнување на соодветните полиња за видот на примањата** (даночен период, основица и пресметана камата) за кој обврзникот бара отпис на камата согласно описите кон троцифрените нумерации. Во полето **даночен период** се наведува даночниот период за кој се однесува даночниот долг по основ на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување. Во полето **основица (даночен долг)** се наведува износот на даночниот долг по основ на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување за соодветниот даночен период. Во полето **пресметана камата** се наведува износот на пресметана камата заклучно со 31.12.2008 година.

**IV.Прилози**

Во прилог кон барањето да се доставаат следните документи: 1) Спецификација за поодделните видови на даноци според троцифрените нумерации за кои постои различен период на доспеаност 2) копија на решенијата издадени од соодветниот орган 3) копија на даночните пријави составени за соодветниот даночен период и сл.

По потреба, поднесувачот на барањето е должен да достави и друга документација на барање на соодветниот орган.

**Напомена**

За даночните долгови по пооделните видови на даноци утврдени со решение во постапка на надворешна контрола, даночниот обврзник е должен да приложи “изјава” дека го признава утврдениот даночен долг и дека се откажува од понатамошна жалбена постапка.

Министерство за финансии
Управа за јавни приходи www.ujp.gov.mk

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**173.**

Врз основа на член 4 од Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, основата за пресметување на концесиските надоместоци заради експлоатација на металичните минерални суровини коишто се предмет на концесијата за експлоатација што концесионерот е должен да ги плаќа за продадените количини на минерални суровини ќе биде официјалниот извештај за просечното движење на цените на металите на Лондонската берза за метал за период од три месеци station наназад (пазарна вредност).

Просечните цени за висината на металите за кварталот октомври, ноември и декември, а врз основа на официјалниот извештај за просечното движење на цените на металите од Лондонската берза на метали се следниве:

| | |
|---|---|
| бакар | $/t 3904,89 |
| олово | $/t 1244,70 |
| цинк | $/t 1185,09 |
| никел | $/t 10842,57 |
| злато | $/oz 820,19 |
| сребро | $/oz 10,19725 |

*1oz=31,1 грам

Бр. 24-452/1
14 јануари 2009 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**174.**

Врз основа на член 14, член 15 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/05 и 110/08), а постапувајќи по службена должност за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот за давање на погребални услуги од страна на Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 10.12.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица со седиште на ул. „24-ти Октомври“ бр. 2, 2400 Струмица, како единствено претпријатие на територијата на општина Струмица кое врши комунална дејност од јавен интерес, има доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Струмица и истата ја злоупотребува на начин што на правните и физичките лица кои вршат изградба на надгробни споменици во гробиштата со кои тоа стопанисува, неоправдано им наплатува 4.500,00 денари (со ДДВ) на име надомест за режиски трошоци за изградба на надгробен споменик, што е спротивно на одредбата од член 14 став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Времетраењето на злоупотребата од точка 1) од ова Решение е од 17.07.2006 година до денот на донесување на ова решение.

3. Се забранува Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица да наплатува 4.500,00 денари (со ДДВ) како надомест за режиски трошоци за изградба на надгробен споменик.

4. Се наложува Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица да го утврди надоместот за трошоци за изградба на надгробен споменик односно користење на инфраструктурата на гробиштата од страна на каменорезачите согласно реалните трошоци за користење на инфраструктурата на гробиштата.

5. Се утврдува дека Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица како единствено претпријатие на територијата на општина Струмица кое врши комунална дејност од јавен интерес, има доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Струмица, и истата ја злоупотребува на начин што наплатува надомест за солидарен погреб и погребална опрема и го условува користењето на солидарен погреб и погребална опрема со плаќање на сметките за комунални услуги, што е спротивно на одредбата член 14 став (2) точка 2) и 4) од Законот за заштита на конкуренцијата.

6. Времетраењето на злоупотребата од точка 5) од ова решение е од влегувањето на сила на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05) на 25.01.2005 година до денот на донесување на ова решение.

7. Му се забранува на Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица да наплатува надомест за солидарен погреб и погребална опрема.

8. Му се наложува на Јавното претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ“ Струмица да престане да наплатува надомест за покривање на трошоци поврзани со давање на погребални услуги и погребална опрема, во рокот предвиден со член 47 став (2) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 86/08).

9. Непостапувањето по точка 3), 4), 7) и 8) од диспозитивот на ова Решение претставува прекршок согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бр. 07-92/18
10 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**175.**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 26 и член 51 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.04/05, 70/06 и 22/07), член 55 од Законот против ограничувањата на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 80/99, 29/02 и 37/04), член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/05 и 110/08) и член 52 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/06) постапувајќи по пресудата на Управниот суд на Република Македонија У.бр.3682/2007, на седницата одржана на ден 10.12.2008 година, го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за поведување на постапка поднесено од страна на Фокуснет ДОО Штип против Македонски Телеком А.Д. Скопје за злоупотреба на доминантна позиција на пазарот, делумно се уважува.

2. Се утврдува дека Македонски Телеком А.Д. Скопје како единствен јавен телекомуникациски оператор во Република Македонија во периодот од 1.09.2001 до 18.12.2002 година ја злоупотребил доминантната позиција на пазарот на начин што на давателот на јавна телекомуникациска услуга-Фокуснет ДОО Штип, навремено не му овозможил непречено користење на телекомуникациски услуги-интернет услуги на подрачјето на градовите Велес, Куманово, Кочани и Прилеп, без за тоа да постојат сериозни причини што би го оправдале таквото однесување, со што го загрози работењето на Фокуснет ДОО Штип како конкурентско претпријатие во обавувањето на таа дејност на пазарот во Република Македонија, што е спротивно на одредбите од член 25 став 8 точка 1 од Законот против ограничувањата на конкуренцијата.

Бр. 07-387/4
10 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски,** с.р.

---

**176.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од претпријатието Тева фармацеутикал Индустриес Лтд преку Адвокатско друштво Поленак, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 28.11.2008 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу претпријатијата ТЕВА фармацеутикал Индустриес Лтд. (TEVA Pharmaceutical Industries Ltd) со регистрирано седиште на Хар Хозвим, Ерусалим, Израел (Har Hozvim Jerusalem, Israel) и БАРР фармацеутикалс Инк. (BARR Pharmaceuticals Inc.) со регистрирано седиште на 225 Смит Авенија, Монтвале, Њу Џерси 07645 САД (225 Summit Avenue, Montvale, New Jersay 07645, USA) по основ на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000-063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300 и при подигнување на решението да достави доказ за извршена уплата на административните такси.

Бр.07-402/6
28 ноември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

**177.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од претпријатието Фиат Гроуп Аутомобилес С.п.А, преку полномошник Адвокатско друштво Менс Легис ДООЕЛ Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 10.12.2008 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу претпријатијата Фиат Гроуп Аутомобилес С.п.А со регистрирано седиште на Цорсо Агнелли 200, 10126 Торино, Италија и Застава аутомобили АД со регистрирано седиште на Трг Тополовица 4, Крагујевац, Србија, по основ на заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…..03161, приходна шифра и програма 72231300.

Бр.07-415/4
10 декември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**178.**

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ” бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05 и 121/07), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Просечната месечна нето плата по работник за месец декември 2008 година неможе да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 8.059 |
| 02 | Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни активности | 9.634 |
| 05 | Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарстото | 7.456 |
| 10 | Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет | 11.058 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 14.891 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 10.939 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 10.179 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Производство на тутунски производи и ферментација на тутун | 8.684 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 5.608 |
| 18 | Производство на облека; доработка и боење на крзно | 4.694 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 4.763 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.478 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 9.881 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 10.165 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 17.997 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 18.647 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 5.611 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 13.714 |
| 27 | Производство на основни метали | 11.855 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 6.511 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 9.402 |
| 30 | Производство на канцелариски машини и компјутери | 15.731 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 7.901 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 9.538 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 13.452 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 7.632 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 10.527 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 5.227 |
| 37 | Рециклажа | 4.809 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 17.520 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 9.517 |
| 45 | Градежништво | 8.084 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 13.040 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 12.958 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 7.067 |
| 55 | Хотели и ресторани | 8.636 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 10.389 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 12.204 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот; активности на патничките агенции | 16.062 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 17.172 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 19.747 |
| 66 | Осигурување и реосигурување, пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 21.431 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 30.764 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 11.876 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 7.970 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 14.546 |
| 73 | Истражување и развој | 12.819 |
| 74 | Други деловни активности | 9.673 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 13.749 |
| 80 | Образование | 10.644 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 10.544 |
| 90 | Отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности | 8.628 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 12.570 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 9.840 |
| 93 | Други услужни дејности | 7.868 |
| 95 | Дејност на домаќинствата како работодавачи на домашен персонал | 0 |
| 96 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | 0 |
| 97 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за извршување услуги за сопствени потреби | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Месечно даночно ослободување 3.294.

Министер,
**Џељаљ Бајрами,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-5512-400.
Телефакс: +389-2-5512-401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009006